СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 53-ТА СЕДНИЦА І ПРОДОЛЖЕНИЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25.XII.1993 ГОДИНА**


1. АНАСАТСОВСКИ МИТКО - 11
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 22
3. АНЧЕВ ЕФТИМ - 31
4. АЛИУ ХАМИД - 78, 81
5. АРСОВ ДРАГИ - 82
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 97
7. ГОШЕВ ТУШЕ – 52, 35
8. ЃОРЧЕВСКИ БОРИС - 17
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 29, 72
10. ЖУТА БЕЌИР - 121
11. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 111
12. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 129
15. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 50, 130, 136
14. КИРОВ ТАШКО - 40
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 100, 120
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 155
17. МАНЕВ ЕФТШМ - 12
18. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 5, 7, 19, 26, 59, 45, 77
19. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 15, 85, 89
20. МАНЧЕВСКИ КИРИЛ - 28
21. МАРКОВСКА ЃТЛИСТАНА - 107
22. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 110
23. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 141
24. ПАНОВОКИ МИХАИЛ - 108, 125, 127
25. ПЕТРОВ ТОДОР - 92, 118
26. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 29, 95, 131
27. ПРЕВАЛА ШАБАН - 61
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 125, 128
29. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 66, 130, 155, 136
50. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 59
51. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 20, 127
52. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 6, 10, 17, 25, 26, 27, 35, 36, 33, 115
53. ТАУРИ ЏЕЛАЛ - 16, 90
54. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 105
55. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 157
56. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 120, 152
57. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА – 122, 126, 129, 154
58. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 8,15,26


-продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 25.12.1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Пратениците Благоја Чкатроски, Никола Апостолов, Александар Гештаковски, Душко Ѓорѓевски и Димитар Димитровски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирани дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со работа по точките од дневниот ред, дозволете ми во ваше име на сите граѓани на Република Македонија од Католичка вероисповест и оние кој го слават големиот христијански празник Божиќ денес, да им го честитаме овој празник и да ги уживаат овие денови во семеен мир и со пријатели и со многу здравје.

Бидејќи Комисијата за Финансии инвестирање и буџет сега заврши со работа уште извештаите не се дојдени. Ние сега би продолжиле со 40-тата точка од дневниот ред.

Минуваме на **четириесеттата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство со Предлог на закон;

Предлогот на законот, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно правната Комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за рибарство.

Кој е за молам, да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 58 пратеници.

Дали има некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 : член 2 став 2 и член 3 став 2, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 за бришење на став 3; и амандман за бришење на член 8 став 2 и член 9, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3 став 1, член 4, член 5, став 1, член 6, член 7 и член 8, член 1 став 2, член 2 став 2, член 3 став 2, член 5 став 2 и член 9, а пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе амандман на член 9 со кои не се согласил претставникот на предлагачот на седниците на комисијата за земјоделство и шумарство.

Пратеникот Тодор Петров и Пратеничката група Илинден- Слободни демократи овие амандмани ги повлекоа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот господин Ефтим Анчев.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Во контекст на тоа што вчера беше презентирано Владата не ги прифаќа овие амандмани. Овој не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој не го прифаќа, овој е сега на дневен ред.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 3, поднесен од Законодавно правната Комисија.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8 став 2 и член 9, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕФТИМ МАНЧЕВ:**

Не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не  го прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 8 став 2 и член 9 поднесен од Законодавно правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 60 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (2)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за рибарство.

Минуваме на **<u>41-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Законодавно правната комисија констатира дека нема потреба од донесувањето на овој закон од причините содржани во извештајот.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ставот на Комисијата за земјоделство и шумарство по разгледување на овој закон е овој закон треба да биде донесен, од причина што со неговото недонесување, не применување на одредбите на овој закон можат да имаат

големи последици посебно сега кога се врши откуп на тутун каде што овластените организации повеќето се опфатени со овие казнени одредби и се задолжени да ја откупат целокупната количина на тутун што е произведена. И, да го откупуваат по мерила и норми што се задолжени со овој закон.

Исто така откупот на овој тутун се врши заедно со арбитражни комисии и процената се врши со учество на производителите преку здруженијата. И ако не се применува овој закон сега и овие казнени одредби мислам дека ќе има големи последици во производството за тутун. Меѓутоа, имајќи во вид дека Владата најави дека овој закон го има веќе приготвено и предложено и дека во најблиско време ќе биде донесен и усогласен со Уставот и со другите системски закони предлагам Собранието да го донесе овој закон со овие измени за да не настанат поголеми последици за кои не знаеме дали позитивно или негативно ќе се одразат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе говорам од името на Законодавно правната комисија за што смета овој закон дека не треба сега да се поддржи.

Дами и господа, член 55 од Уставот на Република Македонија, став 2 е јасен и гласен. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката превзема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Ако овој закон биде прифатен каде одредени организации треба да тргуваат со тутун,ова го потврдиме значи дека оваа уставна одредба ќе треба веднаш да ја избришеме.

Школскиот пример во однесувањето на некоја монополска положба е токму откупот на тутунот. Јас го разбирам колегата кога говори дека задолжително е откупните организации да извршат задолжителен откуп на

тутунот. Меѓутоа, дали со ова ако некој треба да го откупи не го нарушуваме Уставот. Треба ли да кажеме сега дека никој друг не може освен овие регистрирани организации. Таму во законот се говори кои организации можат да откупуваат тутун и каква е таа еднаквост на пазарот ако кажеме дека овие две или три организации се должни тоа да го направат и ако не го направат тие ќе плаќаат казни.

Затоа сметаме дека овој закон нема Уставна поткрепа, а пазарот ќе функционира, ќе се врши откуп, меѓутоа да се закануваме со казни, некого да го штитиме, не .

**МАРИМ МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас мислам дека треба да се има предвид моменталната состојба во која се наоѓа тутунопроизводството. Познато ни е на сите дека во Републиката со затворањето на пазарите големи залихи имаат откупните претпријатија на тутун од претходната година иако сега се ослободат тие од обврската да ја откупат целокупната количина, исто како и Законодавно правната комисија дека може секој да го откупи, јас сметам дека ќе се најде во ситуација поголеми количини, а посебно оној по неквалитетен тутун да остане неоткупен и да се најде како некој други култури кој моментално немаат пазар како што е кромидот, како што се многу други култури за кои не може да се најде пазар да се откупат и затоа со овој закон се задолжуваат овластените организации да мораат да го откупат по оние цени по кои еве и донесени се, и покрај заштитните мерки цена за откуп на тутун која што е повисока од заштитната и сметам барем во овој период до заклучувањето, до донесувањето на овој закон овој да остане .

Инаку, ако не е во согласност со Уставот тогаш мислам дека треба Уставниот суд овие сите закони, не се работи, и сите закони што ги

донесовме вчера и денеска што треба да ги донесеме на некој начин не се во согласност со новиот Устав и со некои да речам систем- ски закони. Меѓутоа, со донесувањето на новите закони овие мора да се усогласат. Мислам за последиците треба да размислиме какви ќе бидат и заради тоа предлагам да се донесе овој закон.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас се согласувам со мислењето на Законодавно правната комисија но има една разлика во моите размислувања и тоа е следното: Дека законот за тутун ни е спротивен на член 55 од Уставот на република Македонија, а не само измените кои што се предлагаат во овој закон. Сакам да кажам дека има потреба да се усвои овој закон односно измените на овој закон заради тоа што со измените практично се штитат тутунопроизводителите повеќе отколку претпријатијата што вршат откуп на тутун, од причини што вие знаете дека тутунот во Република Македонија е под режим и согласно законот за тутун ниеден тутунопроизводител не може да произведува без да склучи договор со овластена организација. Според тоа, обврските помеѓу тутунопроизводителите и тутунските претпријатија се створени уште во месец март 1992 година, сега е во завршна фаза практично откупот на тутун. Во овој момент ние не можеме да вршиме никакви измени на она што е претходно договорено, а се согласувам дека тутунот, односно законот за тутун е спротивен на Уставот, на член 55 од Уставот на Република Македонија, но колку што сме информирани Министерството е во тек на изработка на нов закон за тутун каде што ќе го има во предвид и членот 55 од Уставот на Република Македонија.

Бидејќи овие измени се само усогласување на казните со законот за прекршоците и законот за стопанските престапи мислам дека не држи место овде да кажуваме сега дали е во согласност со Уставот или е спротивен на Уставот.

Што би се случило доколку претпријатијата сега кажав дека нема да го откупуваат тутунот. Дали република Македонија има друг начин како да го откупи тутунот. Ние практично со не донесувањето на овој закон ги ставаме вон сила сите договорни односи што го имаат составено тутунските претпријатија во однос на тутунопроизводителите. Затоа мислам во овој момент треба да се прифатат измените и тие воопшто не навлегуваат во тоа кој може да откупи, кој не може. Тоа е регулирано со закон, тие измени не се практично предмет на усвојување.

II/1 сп/нд

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Добро е што вака се разбираме дека Законот за тутун е неуставен, неусогласен со Уставот. Што значи дека немаме недоразбирања.

Извештајот на ЗПК е токму во таа смисла и говори: "Ова поради тоа што Комисијата смета дека постојниот закон за тутун не е во согласност со одредбите на член 55 од Уставот на Република Македонија".

Дами и господа, сакам да дадам едно класично појаснување што значи несогласност со Уставот. Со истиот овој устав е забрането изречување на смртна казна. Законот не е изменет во таа смисла, па се прашувам дали може да се изврши смртната казна и ние како ЗПК да кажеме ќе се изменат условите за извршување на смртната казна, па на место до сега предвиденото со стрелање да дојде со некои безболни медицински игли и ние да пуштиме да помине начинот на извршувањето на смртната казна, а таа е забранета да се изрече, па ние ќе расправаме за средствата како да се изврши смртната казна. Овде треба да расправаме значи ова е за усогласување на казните. Самиот закон е веќе неуставен, не е во согласност и ако Законот не е во согласност, тогаш на него не можеме да правиме ниту измени ниту дополнувања. Во тоа е проблемот, а не дали ние сакање или не да направиме измени. Овде имаме една устав- на забрана и практично тој закон од моментот на донесувањето на Уставот ако не се усогласат тие одредби што не се во согласност со Уставот престануваат да важат.

Уште една работа, одредбата од уставниот закон за спроведување Уставот каде говори дека ќе се усогласат за една година она што не се усогласило со Уставот не произведува правно дејство. Овде не треба да бидеме ниту многу поумни, ниту повеќе да разбираме или не разбираме, јасно и гласно Уставот кажува ова не смее да биде и не можеме да го

менуваме тој закон кој е против уставен. Затоа го дадов примерот со забраната на изречување на смртна казна.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас мислам дека колегата Стојановски кажа некои зборови кои од страна на нашата Комисија се прифатливи, бидејќи во начело воопшто не сме спротивставени. Меѓутоа, мислам дека колегата Марин Миленковски убаво кажа дека работите се поинакви и треба да имаме предвид дека станува збор за откуп на тутунот кој, како што објасни колегата Алил Џаферовски, мислам дека треба да ги прифатиме тие работи. Познато е не може тутунот да се произведе без договор. Сега што ќе стане? Дали сакаме на земјоделците да чиниме добро или зло? Во случајот ако не го правиме, тогаш чиниме зло. Ако сме определени за тоа што во никој случај не верувам, тогаш треба да помине. Свесен сум за тие работи што ги објасни Стојановски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господинот Томислав Стојановски, рече ќе донесеме смртна пресуда. Сега по кој закон ќе донесеме смртна пресуда. По на Томе Стојановски или по законот што самите ќе си ја побараат смртната казна производителите.

Видете луѓе, јас многу незнам од овој закон за смртните пресуди на Томе Стојановски, меѓутоа во целост го прифаќам законот односно излагањето на претходните пратеници, затоа што тие живеат на теренот каде се произведува тутунот и производителите.

Еве во што е работата. Ако не се откупи тутунот полесна ли е или потешка смртната пресуда потешка и пострашна.

Друго производителите на тутун, тука сме пратеници, не сме партии, тоа да ви го кажам. Тука сме ние кој го правиме законот и кои го расипуваме законот. Јас еднаш ги критикував сите правници, нема ми простат откако Уставот и Законот го толкуваат, а не по убедувањето на луѓето. Производителите на некој начин се обврзани со кој? Па тие имаат земено позајмица, имаат земено семиња и незнам што од државата. Државата ги обврзала. Претпријатијата се обврзани да го откупат, а не да му го остават да буѓоса. Ве прашувам од кого ќе земете плата? Немате предвид дека ние живееме од тие производи- тели. Тие се обврзни да платат даноци на државата од кои треба да живеат сите овде што се како нас трутови. Од тие соображенија имајќи ја предвид не смртната пресуда на Томе Стојановски, имајќи го предвид животот на тој човек кој работел цела година, да го даде тутунот на државата и да си ги исплати обврските на тој што му должи, ние сме должни да го донесеме тој закон. Секој друг престап и излагање овде, тоа ми личи повеќе на дезинформација па кој сака нека ми каже дека не е така. Еден вака го толкува уставот друг така го толкува. Ние сме должни да го донесеме законот со кој ќе се задолжат претпријатијата да го откупат тутунот и да го спасиме оној што го работел тутунот. Се друго е излишно. Од сега така ќе настапувам.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи повеќе дискутанти се изјаснија по амандманите на ЗПК едни позитивно други негативно. Сметам дека некои од дискутантите погрешно го сфатиле законот погрешно ги сфаќаат измените на Законот. Последниот дискутант дискутираше дека доколку не се усвои законот кој е предложен со неговите измени, тутунот нема да се откупи. Сметам дека фактички не го познава ниту законот ниту го читал. Измените на законот се однесуваат во зголемување на казните. Останатиот

дел од законот си стои таков каков што е. Што е причината што ЗПК зазема такво становиште казните да не се зголемуваат во овој закон. Со ова се врши еден притисок према Владата законот кој треба да го изготви за тутун треба да го донесе што побрзо. Сметам дека тутунот 70% е откупен и претпријатијата ќе го откупат тутунот бидејќи имаат интерес. Јас не верувам ако остане тутунот на слободен пазар дека тие претпријатија нема да го откупат. Тие се засега така организирани и само тие можат да го откупат бидејќи имаат услови за тоа.

По однос на договарањето на тутун, ми се чини дека е неминовен нов закон, нови односи. Сведоци сме дека 1992 година има безброј непријатности кај тутунопроизводителите и претпријатијата кои откупуваат тутун. Односите нешто не се во ред, а сосема е во ред тоа што во членот 55 се говори дека Република Македонија се бори против монополскиот систем. Не можеме да кажеме дека тутунот не е монополски. Ако на едно подрачје е овластено само едно претпријатие да откупува тутун. Затоа сметам дека овие казни што ги има тие ќе си постојат, само што се пониски. Законот ќе се при- менува во целост, се до тогаш додека некој од граѓаните или некое претпријатие не побара уставност. Инаку тој ќе функционира, ние не расправаме законот да го фрлиме вон сила, ги расправаме само казните

**ВАНЧО МЛАДЕНРВ;**

Јас немав намера да полемизирам со ЗПК, бидејќи не сум правник, меѓутоа, правото е едно а животот е сосема друго. Во секој случај веројатно од правен аспект сигурно ЗПК има право меѓутоа, ако со тоа мисли, бидејќи новиот закон за тутун сеуште не е донесен, а стариот е спротивен со уставот, што е неспорно, затоа што стариот закон е порано донесен, а Уставот го донесовме подоцна и обврска беше сите закони кои се

спротивни на Уставот во рок од 6 месеци да се усогласат. Ние, колку Владата толку и ние како пратеници задоцнивме и тоа усогласување не ни е извршено. Меѓутоа, животот мора да тече, откупот на тутунот мора да се извршува и не смееме да дозволиме тој закон да биде надвор од сила. Закон во кој не се адекватни казните мислам дека тој не е закон кој е применлив во практиката. Би сакал да подвлечам поважна работа ако ЗПК со тоа смета дека со неприменувањето на овие казни дека на некој начин ќе наштети односно ќе даде придонес во отстранувањето на монополите во нашата држава, мислам дека со тоа барем во овој момент е во заблуда од проста причина. Во сегашни услови во услови на голема беспарица или во услови кога месечните камати во банките се толку големи навистина ниту еден стопански субјект не е заинтересиран да откупува производ кој треба да го преработува и да го чува најмалку шест месеци или една година, значи да ангажира сопствени средства, да се задолжува кон банката се со намера за да може своите производители кои таа оценила дека живеат од тие производители е заинтересирана тие производители да бидат задоволни значи да може да им го откупи тутунот ние односно ЗПК гледајќи го законот, гледајќи го уставот, да не речам гледајќи ја теоријата или седејќи во одредени кабинети и читајќи ги законите и прописите, а не да се свалиме на теренот и видиме каква е навистина состојбата на теренот и дали треба да помогнеме откупот на тутунот што е можно побезболно да се изврши откупот за да се обезбедат средства тој тутун да се плати така што самите земјоделски производители кои во нашата република ги има огромен број се движи бројка од 300 илјади мислам дека со ова не ќе и помогнеме туку напротив ние како парламент држејќи се на одредени права односно закони ќе му дадеме придонес сето тоа на некој начин да се

дестабилизира и да се направат уште повеќе проблеми кои на некој начин ги имавме пред десет дваесет дена кога навистина беа оправдани реагирањата од тутунопроизводителите за зголемување на откупната цена на тутунот.

Од тој аспект, од овие причини мислам дека овие измени на Законот кои повеќе се однесуваат на самите организации кои велам во вакви услови, јас морам да ја кажам вистинската состојба од економски аспект немаат баш голем интерес барем сега да го откупуваат тутунот, можеби тие би го откупиле и сакаат да го откупат меѓутоа, со едно одолговлечување, со едно одлагање за да можат помалку да се задолжуваат кај банките со овие високи камати, па оттука велам дека само ние во овој момент можеме да дадеме придонес доколку ги усвоиме овие измени на Законот, а не доколку ја прифатиме сугестијата односно мислењето на ЗПК. Оттука, уште еднаш подвлекувам и ве замолувам да се прифати овој предлог на закон (во овој момент пукна рефлекторот во салата и настана мала збрка меѓу пратениците).Мислењето на ЗПК да го прифатиме.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас сметам дека предложените измени од Законот за тутун практично најмногу ги штитат тутунопроизводителите од една страна, но и претпријатијата за откуп на тутун со запретените казни со тоа што онаа страна која нема да го почитува договорот односно Законот за тутун ќе биде казнета со казните- кои се предвидени во овој закон. Но, треба да имаме предвид ако зборуваме дека во Законот за тутун во согласност со членот 55 од Уставот на Република Македонија треба да биде следното:Верувам дека оваа Република нема да дозволи тутунот да не биде повторно под режим. Либерализација во поглед на бројот на претпријатијата кои ќе можат конкурентски да откупуват тутун, но нема да се дозволи тутунот да ја

доживее судбината на кромидот или пиперката. Тутунот и со новиот закон мора да биде под режим, бидејќи тој не врне одозгора како дожд туку има една постапка која е многу тешка и која бара многу средства до неговото производство.

Според тоа, мислам дека со ова сакаме да ја принудиме Владата да даде што побрзо закон за тутун не држи од причини што и кога денеска би го донеле нема да важи за она што е договорено до сега. Според тоа, нема никаква причина овој закон, овие измени да не се прифатат. Овие измени практично ги штитат двете договорни странки, односно се закануваат на оние кои евентуално би откажале од договорните обврски на штета на другите што не се така мали и според тоа мислам дека нема потреба повеќе да се расправаме туку да одиме на усвојување на овој закон.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека не треба како вчера да ја утнеме работата и да поминеме надвор од дневниот ред. Мислам дека овде полека полека навлегуваме во материјална расправа за целокупната проблематика на тутунот кој не велам дека нема проблеми ги има и тоа многу на тој план, меѓутоа сега имаме конкретна измена само на износот на казнените одредби за кои треба да се прифатат како такви и во однос на проблематиката и проблемите кои се јавуваат на овој план ќе се реши со новиот закон кој не само во оваа сфера туку и во другите проблеми кои ги имаме ќе се носат и ќе бидат усогласени со Уставот на Републиката. Сметам дека не би требало од оваа точка да правиме поголеми проблеми кога се знае дека производителите овде ништо не губат, туку напротив бидејќи договорите веќе се склучени и како што рече господинот Ефтим

Манев дека работата во добар процент е извршена и само би се враќале назад и би направиле збрка и кај производителите на тутун, а и кај откупот што го вршат организациите.

**БОРИС ГОРЧЕСКИ:**

Вистината беше кажана од претходниот дискутант овде претеравме и влеговме во материјална расправа. Можеби некој сака да си направи рејтинг оти знаеме најболната точка на Републиката е тутунот, а оваа точка нема врска ниту со откупот на тутунот ниту со тие што го произведуваат ниту што го откупуваат. Точно е кажана вистината дека се работи само за казните, за тој што го откупува и за тој што го продава. Исклучиво само за измена на казните во Законот, воопшто нема врска со откупот или со производството на тутунот. Затоа да не се мешаме понатаму да правиме рејтинг, туку да прекинеме и да одиме на гласаше. Ако сака некој да прави рејтинг има понатаму друга точка за откупот на земјоделските производи, па нека прави.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа овој став на ЗПК ќе го браниме до крај од следни те причини. Луѓето кои не се разбираат доволно во примената, а ќе станат на оваа говорница и секогаш ќе кажат "јас се залагам за правна држава" а денеска држава продава овде не е битен законот, а што ќе биде со животот.

III/1.-JJ/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако се постапи вака се заштитуваат тутунопроизводителите, тие не се водат на коло на една или две фирми каде што ќе го продаваат својот производ. Тие одат на слободен пазар и тие ќе ја од- редуваат цената. Нема повеќе да бидат жртви на определени цени. Ова е правото на производителот и тој да рече за ова моево, како што фабриката кажува за цигарите, јас барам по оваа цена. Така и тутунопроизводителот ќе каже за овој тутун јас ја барам оваа цена. Тоа е едниот дел. Вториот дел, што сака овде да се постигне. Значи Уставот е донесен пред една година и кусур и на никого не му паднало на памет да го усогласи Законот со Уставот а денеска од петни жили се настојува .Законот да се измени, односно да се усогласат казни со некој друг закон. Сега се навлегува во противуставност. Арно ќе беше, зрело ќе беше од предлагачот ова да го премолчеше, да не го даваше. Дали некоја казна, запрети на некој да го купи не ќе добиеше во ефикасност или не. Сигурно дека немаше да добие, ако на не- кого му се прети да го купи тутунот. Ништо, нема пари.

На господинот Марин што тврдеше дека ќе го откупи само добриот тутун, кој тоа ќе го направи. Ефтим Манев зборуваше за постоење на договори. Оваа година важат договорните односи меѓу купувачот - тутунопроизводителот. Таму се облигационо - правните односи. Овде треба да воспоставиме односи на држава кон една од странките. Во тој случај треба да навлеземе во антиуставност. Затоа пред лагам ова да се симне од дневен ред и каков што е таков законот, не изменет, тој ќе се применува, а казните не се битни да се интервенира со еден противуставен закон. Ова е практичниот дел. А Владата, ќе беше почесна, да ни понудеше, еве закон за тутун ваков ќе биде, штом имаме одредница од 55, не може да биде монополски систем или ќе се решаваше во тој дел. Ќе дојде до прашање што ќе биде во наредното производство. А не овде сега на некого да му

III/2.-

претиме со казна. Како што рече, јас незнам точно дека веќе 70% е извршен откуп на тутунот. Што ни треба сега со овој закон да создаваме непријатности, да навлегуваме во уставни кризи. Зашто сега да го усогласиме законот со Уставот. Каде е логиката зашто Уставот е најголемиот правен акт на државата, и сега ние него го газиме под нозе, а ќе одиме да усогласуваме закон со закон. И тоа во што само, во однос на паричните казни. Друго овде ништо, апсолутно не се гиба. И што ли вади очи сега кога не го правиме основното,ова да го правиме. Затоа предлагам на предлагачот нека го повлече овој закон зашто тоа е најарно за да не се гласа против него. Така не ќе имаме никакви непријатности. Прашањето ќе се разреши со договорните односи а од- носот на казната дали е голема или мала, државата нема да пропадне.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас мислам дека Законодавно - правната комисија ако веќе сакаше да докаже дека е противуставен само овој закон, тогаш сметам дека сите и овие други закони што ги минавме на некој начин се против- уставни. Фактички овде се работи за усогласување на овој закон во казнените одредби исклучиво со Законот за прекршоците што го донесе ова Собрание и Законот за стопански престапи. Е сега, што го кажа Ефтим Манев дека може да се откупува, ќе може да се откупува и од други и од трети и дека со договор се овластени, односно задолжени организациите да го откупат тутунот, ве молам, ако овие казни од претходниот закон што се многу ниски и мали, овластените организации, сигурен сум во тоа, дека повеќе ќе им се исплатува да не го откупи тутунот а да платат казни и тутунот пак да остане. Затоа што со таквите казни фактички овој закон не е во функција. Мислам на постојниот, претходниот закон. Треба да го знаеме и тоа дека овој закон беше сите овие години на некој начин и противуставен уште со Уставот на

III/3.-

СФРЈ. Меѓутоа, поради погодности што ги имаше нашата Република затоа што оваа култура е стратешка култура за нашата Република, од тие причини и овој закон се спроведуваше, зашто беше во корист на Републиката Македонија. И сега со едно вакво неприменување на овој закон до донесување на новиот, кога ќе се создаде еден вакум на беззаконие, да речам, затоа што казните фактички се дел на Законот и оној закон што нема казни е неприменлив. Во таков случај последиците ќе бидат многу поголеми. Затоа ве молам овој закон да биде усвоен и прифатен.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

После излагањето ан господин Марин оној кој не ја знае професионалната структура на пратениците во Собранието ќе каже дека Марин е правник со долгогодишно искуство, дека некои колеги овде правници како од сабајлево да се напиле газа, кога зборуваат од оваа говорница. Ако ова Собрание само пред една седница го донесе Законот за прекршоци во која одредба гласа ова Собрание дека во рок од еден месец ќе ги усогласи сите други закони со казните, каде поголемо овластување од тоа овој закон Владата да го предложи ќе се најде на дневен ред пред Собранието. Само пред еден месец ние создадовме законска обврска. И ако толку не служи паметењето, значи нашите сопствени закони што сме ги донеле пред еден месец со обврски, а и тој рок веќе го погазивме на некој начин зашто помина повеќе од месец, сега правиме тема една материјална за расправа, беше кажано овде, во секој случај држи да се расправа, али и самиот заклучок со кој што овде се манипулира дека го донела Законодавно-правната комисија, излегува од нејзините овластувања да наметнува ваква дискусија штоп со право некои пратеници овде реагираат.

Законодавно - правната комисија односно известителот изнесува овде мислење дека законот за тутун е во спротивно со Уставот. Овде не е

предмет на расправа законот за тутун. Предмет се измените, усогласувањата на законот за тутун од делот на одредбите за казните. И сега ако се заменат тезите, ете ти добра тема во која ќе си при- личиме на секоја седница на Парламент, ќе ги заменуваме темите, ќе правиме опструкции во Парламентот. И господо, само да ве потсетам исто така овој Парламент донесе Програма за работа минатата година, или беше во почетокот на оваа година. Колку што се сеќавам јас, во таа Програма законот за тутунот, новиот, требаше да биде на рас- права пред ова Собрание некаде во месец септември, како предлог само. Од познатите причини состојби на ефикасноста на овој Парламент, што го покажавме ние во работата се случи тоа, тој дел од Програмата на законот за тутун, а и добар дел на закони, ако ја погледате програмата ја имате сите во своите ташни и книги, ќе видите за програма, за која ние овде дискутиравме два дена на Собраниево, никој не кажа ни збор. Зошто Законодавно - правната комисија или пратениците во неа или други пратеници што се залагаа, досега не го покренаа прашањето да предложат закон за тутун согласно Уставот, ако веќе Владата касни. Па да кажеме еве Владата е трома, бившата па и оваа, ние сме загрижените што треба да бидеме, зошто го претставуваме народот, имаме уставно овластување па предлагаме измени и дополнувања на законот или предлагаме нов закон за тутун, како што има некои пратеници овде што се за почитување што предложија соодветни законски прописи и што беа усвојувани или одбивани или се во процедура.

Јас мислам денеска на погрешна; тема дискутираме денеска овде во однос на тутунот и тутунопроизводството. Само ме загрижува, се плашам да не навлезам сега и јас во таа тема да расправам за тутунот. Македонија има некаде над 60 години Институт за тутун, прва научна установа што ја има, некаде од 1923 година. Тоа значи повеќе од 55 години. Има фабрикација, има стабилно производство со долги години, има создаден

III/5.-

надворешен пазар, односи, има традиција, има услови, има поднебје, има народ кој живее од тој тутун. И вака не- сериозна расправа на таа тема на ваков волонтаристички начин ќе не бламира нас пред се, а тутунопроизводителите ќе произведуваат тутун и понатаму, ќе се борат за своите права и ќе ја пцујат власта.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Сосема накратко ќе се обидам да бидам крајно сериозен. Навистина заборавив за што овде дискутираме. Имаме тука извештај од Законодавно - правната комисија која тврди односно се сомнева и смета дека одделни одредби од постојниот Закон за тутунот не се во согласност со Уставот. Тоа е мислење кое не може да биде точно. Меѓутоа, со оглед на таквата оценка, истата таа Комисија која е должна да цени дали предложениот пропис придонесува за доградба на правниот систем, смета дека овој пропис не го доградува правниот систем. Тоа го пишуваат. Тоа е целата суштина на спорот. Ама токму целата суштина. Мислиме дека не се придонесува во доградувањето на правниот систем. Сега човек во вакви ситуации се доведува во состојба дали да го каже тоа што го мисли или да го прекути. Зашто? Затоа што некој ќе смета дека ја напаѓа Владата, некој ја брани Владата, јас господо, ве молам, да ме сфатите не бранам ниту напаѓам никого ниту Влада, ниту позиција, ниту опозиција. Јас се обидувам да кажам сопствено убедување по оваа работа. Собранието е тоа што ќе одлучи дали да го донесе или нема да го донесе овој закон. Според тоа, зашто ние ги менуваме работите. Зашто не дискутираме за суштината на проблемот. Ако мнозинството овде смета дека и покрај тоа што не придонесува за доградба на правниот систем овој закон треба да биде донесен, па нека биде и донесен. Меѓутоа, со знаење дека не сме ја извршиле задачата за што сме биле должни да ја извршиме.

III/6.-

Многу слаб е аргументот овде дека Владата е должна да ги усогласи законите со Законот за прекршоците и Законот за стопански престапи. Знаете ли зошто е многу слаб? Токму таква обврска Владата имаше со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија во рок од една година да ги усогласи постојните прописи со Уставот. Сега доаѓаме во ситуација сами меѓу себе да се лажеме дека појак е Законот за прекршоците од Уставот на Република Македонија, што воопшто не е точно. Меѓутоа, јас ве молам, бидејќи работите се вакви какви што се обидов да ги кажам, дајте да гласаме и да излеземе од оваа ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ќе гласаме, но ќе можеме да гласаме откако ќе биде исцрпен претресот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа јас не сакав пак да се јавувам, меѓутоа да не беше колегата Ефтим Манев овде на говорница, јас реков дека се само двајца правници, ќе бев само јас и господинот Наќе Стојановски се загрижи дали некој пиел газје ова утро. Не! Ние со колегата Ефтим се видовме и сабајлево не сме пиеле газје. Меѓутоа, некој, а бидејќи колетата Наќе Стојановски е правник, сигурно јал тикви - буники, па не прави разлика што е Устав и што е закон, што е облигационен правен однос меѓу субјекти во однос. Господа овој период сега во откупот на тутунот не менува никакви услови, ако се донесе или не донесе овој закон. Не сакам да ги повторувам зборовите на колегата Абдурахман. Таму постојат договорни односи, ниту откупната организација, ниту производителот не можат да постапат поинаку од договорот што го заклучиле меѓу себе. Откупните организации се должни да го откупа, а производителот е должен да им го продаде. Затоа овој однос се вика

монополистички однос. Да би се напуштил, ќе треба тој закон да се усклади со Уставот. Јас не знам, дали еднаш вие луѓе ќе сфатите дека Уставот е основен документ. Како ќе излеземе и што ќе кажеме на тој народ, постои ли нашата гаранција дека тој ќе знае има устав, и тоа ли е право кога пратениците денеска од било кој интерес ќе кажат ова не го признавам и според мој интерес вака ќе постапам. И за оваа работа тоа е основниот елемент.

Второ, што сакате да направиме сега да ја измениме казната? Ќе биде казнет ако не го откупи тутунот. Што ќе биде понатаму? Ќе плати казна, не го откупува. Законот не кажува што ќе биде понатаму. Останува на сила пак Договорот. Тоа зависи од другиот договорувач. Во овој случај производителите имаат поголема гаранција што наредниот период за производство, повеќе не се должни ќе докажеме дека овој закон мора да се менува, да не се влегува во монополистички туку производителот ќе влегува во пазарни односи. И што ќе направи. ме сега ако овој договор го продолжиме, односно овој закон, практично ќе му дадеме живот и незнам до каде ќе одиме со една дилетанска работа. Вака ни треба, како детска игра, ќе постапиме вака, онака ни треба, онака ќе постапиме. Уставот овдека е основен и јасен и Комисијата кажува дека не треба да се повредува Уставот. Што ќе биде сега е една работа. Што ќе направевме сега ако на овој закон се поведе уставен спор. По уставниот спор овој закон ќе мора да биде поништен, не укинат. Неуставните земени казни државата ќе мора да ги врати на оној што е казнет. Тутунот не е откупен. Кажете ми што ќе направиме тогаш? Во што е вашиот успех? Да докажеме уште еднаш дека не сме способни како Собрание. Тоа сакате да го правите. Па ако имате за цел да го рушите Собранието со донесуваше на неуставни закони, продолжете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, многу да не ја шириме расправата. Молам да зборуваме она што е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да зборуваме за Законот и да видиме како да излеземе од оваа работа.

**МИЛЕНКОВСКИ: МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас би прашал ова што вели ЗПК дека одредени одредби од Законот се противуставни, со што се согласувам, меѓутоа, за казнените одредби кои се донесуваат тие не се ни противуставни ни против Законот кој го донесовме за стопански престапи, ни за прекршоци. Ако го менуваме Законот начелно и тие одредби што се противуставни можеме да водиме и материјална расправа. Меѓутоа, овде се работи за казнените одредби што мислам не се противуставни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Должен сум да му одговорам на пратеникот. Тој вели ги менуваме само казните.

Господине пратениче, казните се однесуваат баш на работата на монополистичкиот систем. Вели ако не го откупи, ако не однесе таму ќе се казни. Значи ние применуваме казни за систем. Казната е сега производ на монополот. Казната е ако не се постапи по одредбите на монополот. Не се однесуваат казните на тоа ако оди ваму или онаму туку ако не купи, ако не однесе, а тоа е баш со Уставот забрането.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Изгледа ги испомешавме работиве.

Јас исто така, имам прашање до господинот Стојановски да ми каже дали зголемените казни се противуставни во овој закон или е законот и исто така сакам да го прашам дали новиот закон што ќе го предложиме, кој нема

да биде монополски нема да содржи одредби во кои договорните странки ќе треба да се придржуваат согласно Законот заради тоа што Законот и натаму ќе остави на режим и до- колку една од договорните странки не го почитува договорот дали треба да се казни со минимална казна која нема да го чини ништо, а другата страна ќе има огромни материјални последици. Практично тука се штитат двете договорени странки со Законот и ништо повеќе. Тврдам дека не е противуставно корекцијата на висината на казните кои се предлагаат во Законот за тутунот, а Законот за тутун е противуставен ама кога ќе биде на дневен ред тој, тогаш ќе разговараме. Не можат казнените одредби од Законот да бидат против- уставно ни целиот закон да биде уставен. Всушност казнени одредби имаме во сите закони, а ако тргнеме по таа логика, сите тие се противуставни. Може ли закон без казнени одредби. Како ќе се спроведува тој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не е предвидено еден пратеник овде од говорница да поставува прашање на друг пратеник. Деловнички тоа е невозможно. Тоа се можни работи само во комисии, овде не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова прашање е до мене и до Комисијата и сметам дека е на место.

Веројатно оние кои земаат учество во расправата по оваа точка е баш заблудата околу овие две прашања.

Прво, што ќе биде ако договорот не се исполни па настапат штети. Дали некој не треба да биде казнет. Договорните односи меѓу странките се разрешуваат на суд и тој што е крив ја плаќа штетата, а не државата да наплати од тоа. Тоа е едниот елемент.

Второ, во облигациите нема државна казна. Казна на странка во односите.

Вториот елемент е што се штити. Казната овде се изрекува на заштитниот објект, заштитниот објект во овој закон. Објект е неоткупување односно непродавање на откуп. Тоа е заштитниот објект и заради непочитување на тоа се изрекуваат овие казни.

Да земеме сега во кривичното право каде има однос во телесните повреди. Заштитниот објект во кривично правна смисла е човекот и само човекот може да биде телесно оштетен па да може да има казна, а не и живоно да биде оштетено па да има казна. Таму ќе има надомест на штета. Добро го поставивте прашањето. Овде заштитниот објект е предавање, непредавање, а договорните односи се решаваат според начелата на облигационото право. Затоа, кажувам колегата Ефтим Манев многу пластично кажа. Договорите постојат помеѓу купувачите и продавачите. Значи, сега ќе се применуваат на ова договорите и ако некој од договорните странки не ги исполни обврските тие ќе си ги решаваат работите помеѓу себе. Овде е прашање дали од неисполнување на тие обврски ќе се задржи монополот и државата ќе наплаќа казни, а не да го решава конфликтот помеѓу договорачите. Затоа кажувам дека овој закон е најприкладно да бидеме Собрание и кога се види дека се работи за очигледна повреда на Уставот да не го гибаме, нека остане да се разреши со меѓусебните односи меѓу странките, а наредниот закон што ќе се донесе нека се решава начелно, нека оди на пазарна економија.

**КИРИЛ МАНЧЕВСКИ:**

Ако продолжи оваа правничка масажа и натаму сите да ја напуштиме седницата и правниците да ги оставаат нека расправаат. Ние како да сме навистина неписмен народ што седиме во овие сали. Јас протестирам против таквата работа на седницата.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Јас сум економист, ќе се потрудам да помогнам да излеземе од оваа ситуација.

Сметам, а и така мислев претходно кога образлагаа претставниците на ЗПК да го поддржам предлогот на ЗПК за амандманот што го поднесуваат по однос на законот. Но, увидов и од самата расправа сметам дека тука треба ние и да завршиме. Ние не треба да прејудицираме сега со казнените одредби што ги менуваме да го менуваме и самиот закон, или да претпочитаме кога ќе расправаме за самиот закон како ќе се уреди таа одредба. Затоа, денес имаме само измена на постојниот закон на казнените одредби и по нив расправаме. Оттука мислам дека треба да престанеме со расправата. Ние ништо друго не менуваме. Кога ќе расправаме за самиот закон сметам дека тогаш ќе се отвори материјална расправа по однос на монополистичкиот однос на производителите и откупувачите на тутун. Самиот претседател на Комисијата испадна контрадикторен, бидејќи со донесувањето сега на овие казнени одредби, бидејќи екот на откупот на тутунот е завршен значи ќе нема и директно влијание на овогодишната реколта на тутунот. Оттука сметам дека би требало да се прифати предлогот на Владата по однос на измената на казнените одредби.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Прво, се согласувам со тоа дека пратениците не се делат на правници и неправници. Ова е закон и политичка работа пред се.

Факт е дека Република Македонија во овој момент егзистира во правен вакум кој никој од нас не го порекнува. И во однос на законот за тутун се наоѓаме во еден вид правен вакум меѓу Уставот и новиот закон.

IV/5

Треба да имаме предвид дека Владата овде преку министерот Анчев вети дека тој закон е во подготовка и набрзо ќе дојде и до нашите пратеници, ќе го гледаме и така ќе го премостиме вакумот што се создава. Меѓутоа, за да ја сметам сериозна и искрена иницијативата на ЗПК овој закон да се укине затоа што е спротивен на Уставот, тогаш би требало ЗПК не атхок затоа што уставно се усогласува само за прекршоците и казните, туку ако е тоа навистина така и искрено она мисли дека се што е спротивно со Уставот треба овде да се укине, нека предложи ЗПК еден список на закони и одредби кои треба да се укинат затоа што не се во согласност со Уставот на Република Македонија па да го видиме ние тоа. Ако постапуваме по оваа аналогија од Законот за тутун, јас веднаш можам да покренам после тоа по таа аналогија сите да ги укинеме, само се плашам дека ќе останеме без половина закони во Република Македонија, а тие што ќе останат половина, со исклучок на овие донесени во овие последните 12 месеци пола законски одредби од нив ќе престанат да важат. Не се работи за еден закон, ние се наоѓаме во тој правен вакум, имаме од Владата ветување, ќе ја премостиме таа монополска положба на тутунот, за тоа сите се усогласивме во самиот устав и така ќе одиме понатаму. Ако само овој закон сега, тогаш која е нашата можност ние по другите закони не постапиме исто, па да останеме без економски и без правен поредок итн. Ние се мора да усогласиме и мора трпение за тоа, особено за овој закон ако имаме ветување од Владата на Република Македонија дека брзо ќе дојде на дневен ред.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Конкретно на дневен ред имаме предлог за изменување на Законот за тутун. Ниту договорни потрошувачи, оштетени па постојниот закон, немаме

тоа и сл. Конкретно имаме дали овој закон е уставен. Ние како Собрание спроведуваме само устав и деловник. Во конкретниот случај е спротивен на Уставот. Со тоа доколку изгласаме дека не го прифаќаме донесувањето на законот, не ги поништуваме постојните договори за откуп, постојната висина на прекршоци не ја менуваме и постојниот закон иако е противуставен како што наведе Џаферовски, си остануваат постојните договори, постојниот закон и се додека не се прогласи противуставен меѓутоа, ново кршење на Уставот не треба да дозволиме. Конкретно со овој предлог овој текст не треба да се прифати од Собранието, а друг проблем е новиот закон, тоа се други обврски. Ние да го гледаме конкретниот закон. Ние и до сега сме направиле 100 0 спротивни закони на Уставот, но тоа е друго прашање. За тоа постои уставна постапка. Конкретно овој закон не треба да се прифати да не правиме нови закони спротивни на Уставот. Со тоа не ги оштетуваме ниту производителите ниту оние што вршат откуп. Значи, и понатаму не треба да дозволиме да правиме нови закони и измени спротивни на Уставот, бидејќи ако еден прави пропуст не треба по неговиот пример и друг да прави пропуст. Со тоа не се поништува ни постојниот закон ни потрошувачите и сл. Треба да се прифати, по овој закон, мислењето на ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на господинот Анчев, го молам да објасни дали навистина има сега штети во откупот кои треба да се отстранат со овој закон.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Јас најпрвин би кажал пред Собранието на Република Македонија дека е точно ова што преку печат беше изјавено. Од моја страна инаку официјална изјава немало пред Собранието дека Владата многу брзо ќе

излезе со нов закон за тутун. Тоа е барање и на тутунопроизводителите и на откупните претпријатија. Според тоа тој закон нуди многу иновации, од каква природа се тие ќе се види кога предлогот и текстот ќе бидат на дневен ред пред Собранието.

Би сакал да кажам, јас се разбира не сум правник, според тоа не можам да ценам дали постојниот закон е уставен или не, иако овде беше кажано од многу луѓе дека е тој неуставен, но едно знам по здрава логика дали е уставен или не за тоа оценува уставниот суд. Знам дека оценка од Уставниот суд, дека е неуставен нема. Според тоа јас ги молам пратениците да имаат предвид дека е потребно да се усогласат казнените одредби од тој закон како и другите закони што беа на дневен ред од областа на земјоделието со донесениот закон за прекршоци, стопански престапи итн. и мислам дека истиот третман би требало да има и кај овој закон.

Конкретно прашање од господинот претседател дали и овие казнени одредби ако не се изменат ќе влијаат врз откупот јас би одговорил на следниот начин. .Откупот како и секоја година и оваа година оди поприлично тешко. Секоја година тоа е случај, Тоа е една материја традиционална, многу суптилна материја е проблемот на тутунот, бидејќи на овој или оној начин е релативно успешно се одвива, се плаќа итн. и мислам дека донесувањето на овие измени во смисла на казнените одредби ќе придонесе за порегуларно одвиваше на откупот на тутунот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници,

Се почесто слушаме една правна квалификација во негативна конотација која навистина нема ниту уставен основ ниту правен основ да се расправа.

Ако појдеме од член 51 од Уставот на Република Македонија дека секој треба да ги почитува Уставот и законите, тоа значи дека и ова Собрание треба да ги почитува Уставот и законите. Ако појдеме од основниот принцип - почитувај ги законите кои сам ги донесуваш а бидејќи е Собранието на Република Македонија ги донесе системските закони за стопански престап и прекршоци и во завршните одредби утврди рокови дека во рок од 30 дена треба да бидат усогласени и сите законски проекти, согласно системските закони, тогаш ова Собрание мора да ги почитува сопствените системски закони ги донесе. Мислам во дадениот случај се прави крајно погрешна квалификација на предметот на расправа пред Собранието. Ниту мериторно расправаме дали еден законски проект е денес на расправа,уставен или не уставен за да правиме ние нов законски проект за да може мериторно Собранието да ги применува Уставот и законите.

Ако господинот Томе Стојановски смета дека овој законски проект не е во согласно Уставот на Република Македонија согласно член 50 став 1 од Уставот на Република Македонија има право пред Уставниот суд на Република Македонија да покрене постапка на Уставниот суд согласно член 110 од Уставот на Република Македонија мериторно и стварно, почитувајќи ја правната држава, формалната процедура на самиот законски проект утврди дали тој законски проект е уставен или неуставен. Ве молам, мораме да ја почитуваме слободната диспозиција на странките во овој предмет на расправа. Владата на Република Македонија не нуди мериторна расправа по законскиот проект за -измена и дополнување на овој системски закон. Владата на Република Македонија нуди проект кој Собранието веќе го прифатило, а тоа е согласно Законот за стопанските престапи и

прекршоците. Мислам дека ирелевантна е секоја расправа кога господинот Томе Стојановски само прави опструкција на ова Собрание да не може да се донесе ни еден законски проект. Јас го прашувам господинот Томе Стојановски тогаш поштата, електродистрибуцијата и сите други системи во Република Македонија, дали и за нив нема да важат определбите и дали тие се во согласност со Уставот и дали надлежноста на него му е тој да проценува дали тој законски проект е уставен или неуставен.

V/1 СС/ПН

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (Продолжение)

И врз основа на својата квалификација прави квалификација на самиот предмет на расправа.

И што сакам да кажам дека ЗПК на која и јас бев член 2 години треба да го почитува Деловникот на Собранието на РМ, а тоа значи да го процени формалниот поим на законскиот проект и материјалниот поим на законскиот проект.

Во формалниот поим на законскиот проект дали тој проект го предлага согласно на член 71 од Уставот на РМ, надлежен предлагач пред Собранието на РМ, дали законскиот проект се донесува во соодветна процедура на донесување, како по предвидува Деловникот на Собранието на РМ и дали овој законски проект го донесува надлежното Собрание со потребниот кворум и во материјалниот поим, содржинскиот поим дали постои законски основ или уставен основ за донесување на самиот законски проќет. Тоа се надлежностите на ЗПК, а не тој да прави сопствена квалификација дали еден законски проект, целиот како што се нуди има уставен основ за негово донесување или не. Мислам дека не треба да ги пречекоруваме овластувањата, туку да расправаме. за да бидеме правна држава треба строго да ја почитуваме формалната процедура на законските проекти, за да не правиме опструкција давајќи си посебно значење.

Во дадениов случај јас зборувам дека Собранието на РМ има должност, согласно на Законот за стопанските престаспи и прекршоци да ги усогласи сите казни предвидени во тие 2 законски проекти што самиот ги донесе. И, пак ќе повторам, вредноста на еден народ е почитувањето на своите закони што самиот ги донел. Во дадениов случај Собранието не се стреми тоа да го направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно збор побара господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине министре, прв пат за опструкција, не можам да делувам

спрема тебе, затоа што припаѓам на опозицијата. Опозицијата никогаш не може да ти биде конструкција на Владата. Тоа е начелниот одговор дали делувам опструктивно или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да нема дијалози овде. За темата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Темата е опструкција на пратеникот Томислав Стојановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, темата е Законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, одговорот.

Тоа е основното. А, што треба Комисијата да работи што да чини, јас не сакам да се враќам на теоретските делови. Дозволете, овде се работи за практичниов дел.

Практичниов дел говори вака: "ЗПК на Собранието, во рамките на својот делокруг предлогот на законот го разгледува од гледна точка од потребата за донесување на законот и за изградба на правниот систем и неговата усогласеност со Уставот. За тоа на Собранието дава свое мислење".

Ова е моето формално овластување односно овластување на ЗПК. Значи, и материјално овластување.

ЗПК, во својот извештај има ваков заклучок: "Комисијата констатира дека нема потреба за донесување на Закон за изменување на Законот за тутун". Зошто? Ова, поради тоа што Комисијата смета дека постојниот Закон за тутун не е во согласност со членот 55 од Уставот на РМ.

Господинот министер не принуди да читаме некоја одредба од член 51 на Уставот на РМ. А, помеѓу сите други, го спомна и ова Собрание дека треба да ги почитува законите и Уставот. Ако одиме сега на теоријата, мене

ми е познато дека во теоријата Уставот е првиот тој на кого подлежат сите закони. И, ако било кој закон е во спротивност со Уставот, тогаш тој нема правно дејствие, а не Уставот. Ако ЗПК нашла за сходно дека Законот за тутун е посилен од Уставот, односно донесените закони од овој Парламент овде, за прекршоци и стопанските престапи е поголем од Уставот кога се говори за неуставност на некој закон, таму се говори за усогласување на парични казни. Ама, ако заштитниот објект нема сила пред Уставот и нема заштита, тогаш Законот за прекршоци и стопанските престапи не се однесуваат на таков закон. Ова е начело, ова се почетните чекори во познавање на правото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според член 69 Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници. Тоа е од Уставот.

Констатирам дека на седницава присуствуваат 57 пратеници, според тоа не можеме да продолжиме со работа. Затоа предлагам пауза од 1 час. (Седницата прекина со работа во 13,10 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Ние уште сме со предлогот за додавање на закон за изменување на Законот за тутун, со Предлог на закон.

Дали некој бара збор? (никои)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за тутун.

Кој е за, молам да крене рака? (42)

Дали е некој против? (15)

Дали некој е воздржан? (6)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Дами господа ставот мој го чувте зошто не треба овој Закон да се донесе. Исто е и моето противење за неговото донесување Во овој момент ја напуштам седницата, не сакам да бидам конституција на оние кои донесува несутавни закони . Затоа во знак на протест, не сакам да го кварам кворумот со кој ќе се повредува Уставот на Република Македонија .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница дас е претресе и Предлогот на закон.

Кој е за нека крене рака? (38)

Според тоа, ние не можеме да продолжиме, утврдена е потребата да се донесе овој закон, но нема доволен број денес да се расправа и Предлогот на закон.

VI/2.-

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

г-дине претседателе, господа пратеници, мислам дека пратеникот Томислав Стојановски го зачна едно прашање а тоа е дека навистина опозицијата во овој Парламент и овозможува со своето присуство уредно да се донесуваат закони кои што гапрелага коалицијата.. Оттука сметам дека претседателот на Собранието треба да ја прекине седницата и да ги повика пратениците од коалицијата да бидат по мнозинство, а не кога се гласа за избор на Влада, туку и во сите состојби кои што овозможуваат работа на овој Парламент. Со други зборови, да се прекине седницата и да се повикаат пратениците од коалицијата да си го обезбедат мнозинството, за да може навистина да се работи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Му обрнувам внимание на г-динот Стевковски сите закони што сме ги донеле тука за казни беа едногласни, за тоа може да се проверат записниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не постои можност да упатам посебен повик до пратениците од една или од друга политичка групација итн. НЕ постои теоретска можност. Тоа јас не можам да го направам,но ги повикува сите пратеници.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ.**

Јас барам да се гласа поединечно по овој закон, бидејќи не беа доволно изброени гласовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има ли 10 пратеници што го поддржуваат? (има)

Тогаш да минеме на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (прилог)

**С П И С О К**

**на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимиња**

1. ФАИК АБДИ - за
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - за
3. ХАМИД АЛИУ - за
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ - не е тука
5. СТОЈАН АНДОВ - за
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
8. ТИМЕ АНДОНОВ - за
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ - за
10. ДУШКО АРСОВСКИ - за
11. ДРАГИ АРСОВ - против
12. БРАНКО АРСОВСКИ - не е тука
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука
14. ЈОРДАН БОШКОВ - против
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ

16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ -не е тука
17. ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - Не е тука
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - против
20. САНДЕ ДАВЧЕВ - за
21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - не е тука
22. ТОДОР ДИМОВ - за
23. ДОСТА ДИМОВСКА - против
24. РАТКА ДИМИТРОВА - воздржан
25. ПЕТАР ГОРГИЕВ - за
26. БОРКО ГОРГЕСКИ - против
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - не е тука
28. ЗУДИ ЕМИНИ - за
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - за
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - не е тука
31. НАСЕР ЗИБЕРИ - не е тука
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - не е тука

2.-

| | |
|---|---|
| 33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - не е тука |
| 34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - за |
| 38. ИВАН ИВАНОВ | - не е тука |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | - против |
| 40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - против |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - за |
| 42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | - воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - воздржан |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕСКИ | - против |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - воздржан |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - воздржан |
| 54. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 56. ЕФТИМ МАНЕВ | - против |
| 57. СЦРАШО МИЛКОВСКИ | - за |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | - за |
| 60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - не е тука |
| 61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - за |
| 63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - за |
| 64. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - не е тука |
| 65. НАИФ МУСТАФА | - за |
| 66. СИМОН-НАУМОВСКИ | - не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - не е тука |
| 69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - воздржан |

3.-

| | |
|---|---|
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - воздржан |
| 74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - не е тука |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - не е тука |
| 77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - не е тука |
| 78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 79. КИРО ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - за |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | - за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | - не е тука |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - воздржан |
| 83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | - за |
| ШУКРИ РАХИМИ | - за |
| 85. НЕИМ СЕЛМАНИ | - за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | - за |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 88. АЦО СПИРОСКИ | - не е тука |
| 89. РИСТО СТАНКОВСКИ | - не е тука |
| 90. НАКЕ СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - за |
| 92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - против |
| 95. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - за |
| 98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - не е тука |
| 99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | - против |
| 100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 101. БЛАГОЈ ТОШЕВ | - против |
| 102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - за |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - не е тука |
| 104. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - не е тука |
| 105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | - не е тука |

4.-

| | |
|---|---|
| 106. ФАЗЛИУ | - за |
| 107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОБСКИ | - не е тука |
| 108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | - не е тука |
| 109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | - за |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | - за |
| 111. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | - за |
| 112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | - за |
| 113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | - за |
| 114. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - не е тука |
| 115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | - за |
| 116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | - не е тука |
| 117. ХИСНИ ШАКИРИ | - за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ги соопштиме резултатите.

Гласале 66 пратеници, 43 се за, 13 се против и 10 се воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на законот. Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1 , член 3 став 1, член 4 став 1, член 5 став 1, член 6 став 1, член 7 и 8, член 1 став 2, член 2 став 2 член 3 став 2, член 4 став 2, член 5 став 2, член 6 став 2, и член 9 и од Пратеничката група Илинден - слободни демократи со кои не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство. Меѓутоа пратеникот Тодор Петров и Пратеничката група Илинедн - слободни демократи сите овие амандмани ги повлекоа. Пратеникот Марин Миленковски поднесе амандман на член 6 став 2 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од патеникот Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Овој амандман го поднесувам од следните причини. Сметам и дека предлагачот на Законот, како и ЗПК кој има превид направено, затоа што се однесува за иста казна и за правно лице, и за физичко лице. Затоа

VI/5.-

предлагам казната што е за правно лице да изнесува како што е 7 до 10 плати, а за физичко лице да биде 1,5 до 2 плати, што е во согласност со Законот за прекршоци, инаку овој закон, односно овој член не е во согласност со законот за прекршоци, затоа сметам дека мора да помине овој амандман. Инаку би бил спровитен со Законот за прекршоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕФТИМ МАНЧЕВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тогаш нема амандман, тој е составен дел на предлогот

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

47 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

13 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

9 пратеници се воздржуваат од гласање.

Можеме ли да се договориме сега да одиме на првата точка за Буџетот.

Дали Комисијата заврши со работа? (Да)

Ако Комисијата заврши со работа, ако се поделени извештаите (не се поделени извештаите). Добро, кога ќе се поделат извештаите, да минеме на првата точка.

Преминуваме на **<u>42-точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на законот за вино, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вино.

Кој е за, молам да крене рака.

61 пратеник гласаше "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. 65 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 и на член 2 став 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел нас текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на член 1 за додавање нов став по ставот 1, со кој не се согласила Владата.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3, член 4 и член 5, член 1 став 2, член 2 став 2 и член 6, а. пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе амандман на член 6 со кој не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата на земјоделство и шумарство.

Пратеникот Тодор Петров и пратеничката група Илинден - Слободни демократи овие амандмани ги повлекоа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам, кој бара збор?

**ТАШКО КИРОВ:**

Последниве месеци добивме повеќе материјали за повеќе закони не само од областа на земјоделството, шумарството и водостопанство туку и од Министерството за култура и другите министерства во кои се регулираат казнените одредби, се со цел нивната актуелност да не се изгуби со време на истекување, како што е инфлацијата се зголемува, така тие да изгубат од снагата. Но би било интересно сега да се погледнат и самите членови кои ги обработуваат овие казнени одредби, нивниот текст дали е актуелен на времето.

Јас извадив само некои термини кои се среќаваат токму во овие членови каде се регулирани казнените одредби, а не навлегував повеќе во

материјалната структура на самиот закон. Во сите овие закони можат да се сретнат зборовите: СФРЈ, Југославија, територија на СФРЈ, СРМ, социјалистичка, југословенски стандарди, ОЗТ, само- управна организација, самоуправни органи. Сите овие зборови знаеме дека се анахрони и покрај тоа што некои се само од формална природа знаеме дека се надминати како што е зборот СФРЈ, а некои можат да внесат и двозначност, бидејќи Југославија имаме и една поранешна, имаме и сегашна. Дека не е само од формална природа, не сакав да поднесам амандмани по сите овие случаи и да го заморувам Собранието, овој амандман го поднесов токму со цел да укажам на една состојба која навистина треба да биде набрзо од страна на Владата регулирана, бидејќи не е тоа само формално туку навлегува и во самата материјална сфера во Републиката. Дека е тоа така се создава една парадоксална состојба како што е пример во случајот во член 52 во Законот за вино: "Со парична казна ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд, ако под точка 12 ставил во промет вино, шира и нивни мешавини без општа ознака или ознака на квалитетот на еден од јазиците на народите на Југославија". Еден од тие јазици обично е српско - хрватскиот јазик и додека бевме навистина во таа поранешна заедница, кога нашето стопанство беше поврзано во голем процент со стопанството од другите републики, ова можеби беше и оправдано. Но денес знаеме дека многу наши производи веќе не се пласираат на тој пазар, а и понатаму сите наши производи се одбележани на српскохрватски јазик. Тоа навистина е анахроно и сега кога се отвораат нови пазари каде што треба овие производи да се пласираат, не е ни најмалку наивно дали тоа може да влијае врз продажбата на овие производи, зашто покрај амбалажата и другите карактеристики нас производот, сигурно влијае на кој јазик ќе биде

испишано, а ние токму преку тие секојдневни производи вршиме најдобра афирмација на Републиката, на еден јазик и на еден народ.

Конкретно амандманот гласи: "Во законот за изменуваше на Законот за вино во член 1 во првиот став да се додаде нов став кој да гласи: "Во постојниот член 52 од Законот за вино, во ставот 1 во точката 12 зборовите или ознаката на квалитетот на еден од јазиците на народите на Југославија да се заменат со зборовите или ознака на квалитетот на македонски јазик и неговото кирилско писмо".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

53 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

6 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам де крене рака.

65 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за вино.

Преминуваме на <u>**43-точка**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семе, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семе.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

68 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 член 2 став 2, со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 4, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3, член 1 став 2, член 2 став 2, и член 4, а пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе амандман на член 4, со кој не се согласи претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Пратеникот Тодор Петров и Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи овие амандмани ги повлекоа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот да се произнесе.

**ЕФТИМ МАНЧЕВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 4 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам де крене рака.

68 пратеници гласаа "за".

Дали  има некој против? (нема)

Дали не;кој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за семе.

Преминуваме на **<u>44-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за саден материјал, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слеениот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за саден материјал.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2 и 2, член 2 став 2, и член 3 став 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Законодавно правната комисија поднесе амандман за бришење на член 5 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров и пратеничката група на Илинден слободни демократи поднесоа амандмани на член 5 со кој не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Пратеникот Тодор Петров и пратеничката група на Илинден слободни демократи го повлекоа амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 под- несен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Влада не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13 пратеника)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5 поднесен од Законодавно правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (69 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за саден материјал.

Минуваме на **45-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за заштита и користење на земјоделското земјиште со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавна правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучуван претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за заштита и користеше на земјоделското земјиште.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 ; член 2 став 2 и член 3 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3 , член 1 став 2 , член 2 став 2 и член 4 а пратеничката група на Илинден слободни демократи поднесе амандман на член 4 со кои не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Меѓутоа пратеникот Тодор Петров и пратеничката група на Илинден слободни демократи ги повлекоа сега овие амандмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за заштита и користење на земјоделското земјиште.

Минуваме на **точката 46** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од штети на полскиот имот со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно

правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го Усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за заштита од штети на полскиот имот.

Кој е за молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен-

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?(62 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и отворам по текстот на предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 и 2 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман за бришење на член 2 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕФТИМ АНЧЕВ: .**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и донесување на законот за заштита од штети од полскиот имот .

А сега да се вратиме на точката 1. Предлог за измени на Републичкиот буџет за 1992 година.

Предлогот за измените на Републичкиот буџет и извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за

стопанство, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за здравство, Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за образование наука и култура ВЈИ се доставени односно поделени.

Отворам начелен претрес по Предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година.

Молам кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости. Веднаш да кажам дека гласам за усвојување на продолжените измени на буџетот за 1992 година. За тоа гласаше и Комисијата за економска политика и развој, чиј претседател сум. Нејзиниот извештај е пред вас. Инаку во оваа пригода намерата ми беше да укажам на некои аспекти од формирањето и остварувањето на буџет- ските приходи и расходи со цел да придонесам за буџетскиот концепт на 199 3 година. Дотолку повеќе што предложените измени на буџетот за 199 2 година ги разгледуваме и усвојуваме само 5 дена пред истекот на буџетската година.

Според мое мислење предлогот за измена на буџетот за 1992 година, со оглед на содржината и времето во кое се предлага повеќе претставува потврдување на една состојба, пресек отколку вистинска измена што екс посто, подоцна ќе предизвика ефекти. Значи се работи за верификација на една состојба што малку би се разликувала од остварувањата на единаесетте месеци со можната корекција за месец декември. Тоа секако ќе беше поочигледно ако прегледите на прегледот ја имаа и графата остварено за одреден период, во случајот за изминатите единаесет месеци, на што укажавме и кога расправавме за ребалансот на буџетот за 1991 година. Но, кога сум кај предлогот за измени на републичкиот буџет за

годинава да речам дека врз приватните движења кај планирањето на потрошувачката за општите и заеднички потреби во 1992 година значајно влијание имаа и дополнителните мерки на економската политика што ги усвоивме во рамките на антиинфлационата програма со што се изменија и параметрите врз кои се базираше буџетот. А тоа се оцени, затоа што општествениот производ од 1.550 милијарди денари, неговата реална стапка на пад од 15% и стапката на инфлацијата од 1.876% годишно, додека поради примената на пониската стапка на учество на јавната потрошувачка во општествениот производ од 28,7% , правото изнесуваше 35% јавната потрошувачка е димензионирана на 445 милијарди и 200 милиони денари. Во тие рамки само буџетската потрошувачка изнесува 217,8 милијарди денари. Значи, помалку од можното изгледа заради ограничените можности за остварување на поголеми приходи. Тоа, секако ја лимитира и потрошувачката.

За единаесетте месеци кај приходите имаме остваруваше од 80,27%, додека кај расходите од 79,8%, што говори дека глобалната буџетска рамнотежа не е нарушена. Напротив може да се оцени како поволна. Но, мора да се каже и тоа, дека таквата рамнотежа не е реална. Таа е резултат на ускладувањето на расходната со приходната страна.

Во расходната страна на предложените измени на буџетот за 1992 година доминираат издатоците за општествените дејности, вклучувајќи ги тука и оние за внатрешните работи, 38,76%, издатоците за работа на органите на управата од 22,7% и издатоците за народната одбрана 13,21%. Тие во овој биланс опфаќаат околу 70% од вкупните расходи. И додека сите наведени ставки во однос на почетниот буџет за 1992 година бележат динамичен пораз од 2 до 3 пати кај средствата за интервенции во стопанството паѓа во очи дека тој пораст се планира само за 68,08%. Затоа

се намалува и нивното учество во структурата на билансот на расходите од 31,2, колку што беше во почетокот на само 18,29% во ребалансираниот буџет за 1992 година.

Во овој контекст треба посебно да се подвлече дека скромен е износот на планираните средства за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, потоа на ридско планинските, пограничните подрачја и на компактно неразвиените подрачја во развиените општини, како и за ревитализацијата на селото.

Ревалоризацијата на наведените расходи е за 42,50%, што значи дури под планираниот пораст на вкупните средства за интервенции во стопанството.

Во динамизирањето на средствата за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја не се применува ни односниот закон со кој за оваа намена предвидуваме 0,30% од општествениот производ на вкупното стопанство. Затоа средствата за оваа намена се сведуваат само на 1,5 милијарди денари. Меѓутоа, ако се тргне од оценетиот општествен производ за оваа година, 1.550 милијарди денари и ако на него се приложи стапката од 0,30% ќе се добие реален износ од 2,650 милиони денари или значи за милијарда сто педесет милиони денари повисок износ од планираниот со буџетот. Симболични се и предвидените средства за поттикнување на развојот на ридско планинските подрачја и на пограничните во однос на преземените зафати за нивното унапредување

Санацијата на банките како да остана за други подобри времиња, иако првобитно беа планирани некои средства за таа намена. Потсетив на сето ова за да заклучам .

Прво, покрај тоа што не се користи определената стапка за движењето на општата општествена и заедничка потрошувачка од 30%, се применува стапката од 28,7%, бидејќи со буџетот се финансира чистата општа и заедничка потрошувачка за околу 75% тој има инфлаторна димензија.

Второ, ребалансираниот буџет има скромна развојна компонента за тшо говори и износот предвиден за интервенции во стопанството. Токму поради тоа се поставува прашањето колку овој сега ребалансиран и условно речено остварен буџет бил или е во функција на стабилизационата политика , за која се определивме, и на развојната политика. Бидејќи сега е доцна било што да се измени пред- лагам:

Прво, да се усвојат измените на републичкиот буџет за 1992 година,

Второ, делот на неисполнетите обврски по овој буџет да се пренесе во 1993 година

Трето, на Републичкиот фунд за поттикнување на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја освен евентуални неисполнетата обврска по овој ребалансиран буџет да се пренесе и разликата од 1.150 милиони денари како неискористено право за 1992 година.

Исто така предвидените средства за развој на ридско- планинските подрачја да се зголемат уште за 500 милиони денари како би се покриле обврските по преземените зафати. Неизмирените обврски по овој основ да се пренесат во 1993 година. Се разбира дека овие разлики ќе треба да се додадат на реално планираните средства за овие намени со буџетот за 1993 година.

Јас мислам дека од прилика така треба да се постапува и со другите пријавени потреби за финансирање на другите корисници на буџетски средства.

VIII/10

За да се остварат сите обврски во буџетот за 1993 година мислам дека ќе мора да се зголеми опфатот на сите даночни обврзници со откриваше на сите оние што не ја извршуваат оваа обврска и наплатата да биде поефикасна со што ќе се придонесе за намалување на даночните стапки и за порамномерен распоред на товарот. Ќе биде тоа и можност за растоварување на стопанството.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: Продолжение

5. Да се поттикнува само финансирањето на одделните институции што можат да остваруваат приходи со вршењето на својата дејност со што ослободените буџетски средства ќе се насочат за поголеми интервенции во стопанството и за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање и буџет го разгледа предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година, и врз база на тоа утврди неколку консултации во врска со така наречениот ребаланс најпрвин да кажам дека основната констатација беше дека она што е предвидено во ребалансот во делот на извршените приходи и во делот на извршените расходи е скоро завршена работа. Се она што е дојдено како приход е распоредено на одредени раздели и позиции и дека ние како Собрание многу малку имаме место на влијание во распределбата на ребалансот денеска на 25-XII.1992 година.

Од кои причини? Ако ние како Собрание го гледавме ребалансот кој што ни беше понуден од Владата, мислам беше во летото, мислам беше точно во седми месец, ако го гледавме ребалансот во седми месец ќе имавме и место и начин на кој што можеме да влијаеме во извршувањето, зборувам , во извршувањето на расходите бидејќи како што беше и констатирано на Комисијата приходниот дел на ребалансот е утврден со постојните закони од даночната политика што ја имаме дел од поранешниот состав на Собранието, а дел и од овој состав на Собранието донесени. Така да, сакам да кажам , а тоа беше констатација и на Комисијата дека ние 4 дена пред завршувањето на оваа година како буџетска година на некој начин сме ставени во ситуација да го разгледаме и да го прифатиме

ребалансот онака како што е предложен од Владата.

Овде имаше поднесено доста амандмани од колегите пратеници Нзжното внимание од страна на Комисијата беше за сите амандмани поединечно во разгледувањето на истите и крајната констатација беше дека, како што реков, во овој теснец од неколку дена, ни ќе можат да се приберат толку средства колку што беа барањата, барањата со амандманите, пред се беа за зголемување на буџетот , ниедно барање во делот на буџетот не беше за намалување на ребалансот кое што сигурно ако зборуваме така дека улогата на Собранието треба да биде да ја намали рестриктивно д се однесува спрема општата и заедничката потрошувачка, а сите оние барања што беа доставени од пратениците и од комисиите пред се беа за надминуваше и на оној квантум од 217,8 милиони денари, така да тргнувајќи, а пред се мислејќи на тоа дека ние како Комисија за финансирање и буџет пред се сме стручна Комисија на ова Собрание не бевме во состојба да прифатиме и сметавме дека и ако прифатиме еден амандман не ќе има ни средства, ни време ни можност да се реализираат во делот на зголемување на средствата бидејќи вие сигурно се сеќавате дека кога ги донесувавме дополнителните мерки на Владата со кој што скоро сите се согласивме утврдивме дека општата потрошувачка т.е. буџетската потрошувачка ќе се движи во рамките на 218 милијарди и осумсто милиона денари. Тоа е во делот на амандманите.

Кога го гледавме ребалансот како Комисија констатиравме дека и ако имаме вакво номинално зголемување на ребалансот на буџетските средства сепак во крајна линија реално имаме опаѓање на средствата на буџетот.

Исто така ако можам тоа да го речам како една забелешка на изготвувачот беше дека, и ако сега го разгледуваме ребалансот сепак требаше да имаме одредени компаративни показатели, споредбени показатели како во однос на буџетот кој што го донесовме на крајот на месец март . Исто така и споредбени показатели со тоа што значи ова зголемување на буџетот во однос на буџетот од 1991 година.

Инаку, во расправата на Комисијата се постави прашањето дали сите ониe кои што црпат од буџетот, а кој што економски се ви- каат корисници на буџетот имаат законска основа за тоа. Беше констатирано бидејќи бес крај со доволни показатели и барање во едно е на Комисијата, мислам дека сигурно и Собранието ќе се согласи,при донесувањето на буџетот за 1993 година, на Комисијата, а исто така и на Собранието треба да се достави за сите корисници на буџетот законскиот основ.

Исто така како прашање кое што беше доста потенцирано на Комисијата, а го оставаме бидејќи сметаме дека сега ништо не можеме да измениме за ребалансот за 1993 година. Ќе речете зошто? Па еве зошто. Беше изнесено мислење дека во министерствата при Владата се уште кај повеќе министерства, не знаеме точно нема донесено систематизација на работните места, а исто така уште помалку има донесено правилници за распределба на платите. Па сметавме дека за буџетот за 1993 година, а тоа ни е и катагроичен став дека како Комисија нема да прифатиме буџет за 1993 година, ако министерствата немаат донесено систематизации и немаат донесено правилници за распределба на платите. Трет буџет ќе ни биде тоа. За 1991 истото го баравме, за 1992 истото и сега за буџетот за 1993 година, бидејќи мислам дека еве и ова Влада ќе има можност во буџетот за 1993 година инсистираме и сметаме дека имаме потполно право

распределбата на платите по одделни министерства се врши врз еднакви утврдени критериуми и врз основа на правилници, нови правилници за распределба на платите бидејќи сега тоа се правилници затечени пред да имаме окрупнување на министерствата, пред да општинските подрачни единици кои што сега се во министерствата бидат таму, пред да го имаме во Републичкиот буџет, образованието, културата, физичката култура, па заради тоа сметаме дека не смееме ни како комисија, ни како Собрание да дозволиме да во Републичкиот буџет за 1993 година, имаме распределба на платите и издвојување на расходниот дел од буџетот без донесување на правилници за плати. Тоа беше како една констатација, и затоа јас и вчера поставив и пратеничко прашање за тоа колку министерства имаат донесено систематизации, а колку имаат донесено правилници за распределба на платите. Еднаш треба да се стави крај и да се знае по кои критериуми, кои и како ќе финансира од овој буџет.

Мислам дека ние направивме еден превид кога го донесувавме Уставот и кога имавме амандман од сегашниот министер Туше Гошев, а тогашен пратеник во кој што тогаш имаше амандман за формирање на одредена комисија која што ќе ги следи работите во финансиите, ќе врши увид и ќе му дава на Собранието одредени податоци за тоа, како, на кој начин, и со кој приоритет се извршуваат расходите во Републичкиот буџет.

На крајот би сакала да кажан дека ние како комисија имаме неколку заклучоци, кој што ги предлагаме Собранието да ги усвои.

Прв заклучок е, со цел да се обезбеди по рационално работење во органите на управа за 1993 година, потребно е овие институции да ги донесат актите за организација и систематизација со потребниот број на вработени и Правилниците за личен доход.

Сметаме дека овој заклучок не смее да остане само на хартија запишан.

Втор заклучок, со цел да се обезбедат потребните средства и доследно да се спроведе користењето на средствата во Републичкиот буџет за 1992 година, утврдени за заштитата на езерата, разделот 20 позиција 202, при спроведувањето на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија за првите три месеци од 1993 година, да се утврдат потребните средства за заштита на Преспанското и Дојранското Езеро, а при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година да се обезбедат средства за трите езера согласно Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро и Програмата за заштита на наведените езера.

Овој заклучок го поднесуваме од следните причини: ние како Собрание со буџетот за 1992 година во овој раздел и во оваа позиција утврдивме дека средствата кој што се во овој раздел ќе бидат за сите три езера кои што ги има Република Македонија. За жал оваа година средствата од оваа позиција без распишување на оглас, без распишување на конкурс и без никаков така да речам критериум се доделени само за Охридското езеро од страна на Министерството за урбанизам. Инаку, ми сугерира пратеникот кој што го поднесе овој амандман и кој што ние го изменивме и доследно гласеше дека тие средства од Републичкиот буџет ќе бидат за трите езера. Сметаме дека е направена голема омашка која што ние сега во овој момент сигурно не можеме да ја измениме, но за републичкиот буџет за 1993 година ова мора да се исправи.

Понатаму имаме друг заклучок кој што гласи дека при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година потребно е Владата да ги има во

предвид и барањата за обезбедување на средства за финансирање и изградба на втората фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро. Тоа е врз база на амандманот на господинот Тодор Петров.

Понатаму, имаме друг заклучок , а тој гласи: имајќи ги во предвид состојбите во здравството во поглед на проблемите со финансирањето на одредени намени потребно е при утврдување на Републичкиот буџет за 1993 година да се предвидат средства кои што согласно на Законот за здравствена заштита децидно ќе бидат утврдени како обврска на државата. Поради недоволно дефинирани извори намени на средствата во здравствената област сметаме дека е потребно да се изврши измена на законот за здравствена заштита во овој дел во смисла на прецизирање на обврските на државата за финансирање на одделните намени.

Наредниот заклучок гласи: при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година, во делот на општествените дејности да се предвидат потребните средства за покривање на обврските за доделување на ученички и студентски стипендии и кредити како и средства за заштита на студентскиот стандард што сметаме дека е приоритетна задача на буџетот за 1993 година.

За реализација на Програмата, програмите што се реализираат преку Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта потребно е да се утврдат средства како учество на Републиката во поттикнувањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во Републичкиот буџет за 1993 година. Ете тоа беа заклучоците на Комисијата за финансирање и буџет.

Х/1 сп/вц

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, оценка е дека ребалансот на буџетот се донесува со големо задоцнување и оттука сигурно неможноста за поголема интервенција во делот на неговата структура. Периодот на транзиција или прилагодување не може да се определи сигурно во кој временски период ќе се оствари, но мерките што се нужни за прилагодување на стопанството и стопанските промени исто така настанатите промени во политичкиот систем налагаат сигурно интервенција со мерки во прилагодувањето во делот на јавната потрошувачка. Оценка е дека во делот на јавната потрошувачка како од организационен така и внатрешен аспект посебно во делот на финансирањето не е направено скоро ништо за овие две години.

Денеска расправаме само за дел од јавната потрошувачка, а тоа е буџетската потрошувачка која зафаќа една петтина од вкупната новоостварена вредност и општествениот производ. Затоа сигурно заслужува посебно внимание да се осврнеме на структурата на тој дел на средствата што се утврдуваат во рамките на Собранието. Добро е што се потсети од претходниот дискутант дека ние, расправајќи по однос на обврските кои произлегуваат за финансирање на органите на државата, најверојатно не се ослободивме од поранешните наши обврски спрема одредени субјекти кои се финансираат од средствата кои се акумулираат во буџетот. Како законодавна власт во основа треба да го промениме нашето однесување, а Владата е таа која е задолжена да се грижи за сите субјекти кои се финансираат од буџетот, а ние да ја оцениме оправданоста на средствата кои ќе ги понуди Владата и оттука сигурно нашиот однос треба да се движи во тој правец во поглед на утврдувањето на квантификациите

за секој субјект кој се финансира од буџетот. Изворните приходи на буџетот не се променети, бидејќи ништо не е променето, туку законската регулатива за обезбедување на тие изворни приходи. 80% од вкупните изворни приходи се остваруваат во сферата на потрошувачката и тоа во личната каде што најлесно се додаваат одредени стапки во делот на зафаќањето од личните доходи и во делот на прометот каде многу лесно сигурно се остваруваат одредени промени во делот на данокот на промет.

Само ќе потсетам на одредени структурални промени што се оствариле во последните пет години и се потврдува дека еден од изворите на инфлацијата сигурно е и јавната потрошувачка вака како денеска е конципирана, а и нужните промени кои треба да се прават во наредниот период за да се отстрани и овој елемент на инфлацијата.

Во 1987 година учеството во приходите на даноците од доход, тогаш немаше дефинирано посебно добивка, е 21%, а во 1990 година падна на 12,2% учеството на даноците од доход и во 1992 година сега дефинирано како од добивка паѓа на 4,2% додека учеството во приходите на даноците од личен доход се зголемува од 9,98 во 1990 година на 34% во 1992 година, што значи дека со промените кои настанале во делот на даноците за данокот од личен доход, а ние ги донесовме тие даноци од личен доход,дојде да учеството на данокот од личен доход во финансирањето односно во остварувањето на буџетот да дојде на 34%, а заедно со данокот на промет некаде околу 80%.

Во земјите со развиена пазарна економија е сосема обратно, таму учеството на делот на средствата кои се обезбедуваат за буџетот и државните расходи е од добивката и како основица е самата добивка, а тоа е еден сигурен извор кој може да влијае на промените кои мора да настанат во делот на мерките што треба да се преземат заради промена на однесувањето на сите субјекти.

Доколку се измени таа основица на пресметување, а не на овој начин со додавање, туку со одземање на делот на остварената новоостварена вредност сигурно ќе изнуди директно кај сите учесници една мерка а тоа е рационализација кај расходите кај сите учесници што се финансираат од буџетот тоа е кај сите корисници и сигурно до сега до колку така беше ќе имавме пред нас на разгледување одредени програми за рационализација што често пати ги потенцираме во нашата расправа.

Второ, сигурно ќе се создадат услови за оспособување на стопанските субјекти, да имаат поголема добивка. Инаку, на овој начин како ги обезбедуваме средствата немаат интерес односно и самите субјекти се оптоварени да прават било какви промени, бидејќи немаат можност да остварат поголема добивка која ќе биде основа за финансирање/на буџетската потрошувачка.

Трето и најактуелно, а тоа е државата да си ја обезбеди механизми кои ќе обезбедат преку,финансиска дисциплина или на одреден начин фискални зафаќања кои ќе бидат во функција на обезбедување и наплата кај сите обврзници на даноци и обезбедување на средства за финансирање на буџетот.

Ако се земе дека во вкупните приходи учествуваат дел од приходите од такси само со 0,50%, делот на царини само со 11% и претходно кажав добивката само со 4,20% очигледно резервите се наоѓаат во делот на утврдувањето односно на финансирањето на буџетот токму во овие сфери каде државата треба да ги уреди преку мерките што треба да се донесат своите односи така да во тие сфери ја бара и својата егзистенција односно своето опстојување.

Расходниот дел на буџетот во својата структура во ребалансот има суштинска измена. Измената е во тоа што при обезбедувањето односно при порастот со една стапка од 43% за сметка на средствата што би припаѓале

со примена на една таква ставка од 13% за потребите односно за финансирање на потребите на стопанството и тоа во делот на регреси и премии што се наоѓа во рамките на буџетот истата намена е пренаменета, тие средства се пренаменети и тоа некаде во износ од околу 20 милијарди денари се пренаменети во финансирање на органите на управата со некаде 5% делот на одбраната и заштитата. Сигурно е дека постојат објективни околности за оваа промена, без посебно да елаборирам кои се причините за една таква намена денеска, но сметам со остварување на одредени цели што сите тежнееме сигурно таквиот однос и финансирањето на одредени органи на државата треба да оди во друг правец и решенијата да се бараат во рационализацијата, а не со зголемуваше на приходите за финансирање на органите на управата.

На крајот една конкретна забелешка од страна на Комисијата за стопанство која предлага да се прифати ребалансот на буџетот е во разделот кој веќе повеќе години и повеќе влади го имаат поднесувано буџетот има еден раздел кој се вика интервенции во сто- панството во делот на позициите ако се погледне во тој раздел ќе се види дека доста позиции немаат ништо заедничко со стопанството, па би требало во рамките на Владата да се види она што навистина нема ништо заедничко со стопанството да се одвои и да му се најде место. Не сум против тоа да се обезбедуваат средства за тие намени, но да се најде место таму каде припаѓа. Во стопанството најверојатно доколку има потреба треба да има ставки за регрес и премии и одре- дени интервенции за одредени стопански субјекти кои поради тоа што имаат одредени ограничувања или со закон се ограничени нивните приходи државата мора на одреден начин да интервенира заради тоа што во остварувањето на својот приход поради ограничување на цените имаат одредени тешкотии и во тој дел да се алиментира, а во никој  случај оние ставки 50, 60 колку се набројани кои

немаат ништо заедничко со стопанството, а се третираат како интервенции во стопанството и оттаму произлегува дека за интервенции во стопанството на одреден начин се издвојуваат 37 милијарди денари, а практично ни половина од тоа не се однесува за стопанските субјекти.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

И Комисијата за архитектура, урбанизам, градежништво го разгледа ребалансот на буџетот и му предлага на Собранието да го усвои предлогот на ребалансот на буџетот. Но, >на комисијата беа разгледани проблемите со кои до сега се соочуваше оваа гранка - корисник на буџетот и расправаше за неколку теми кои се навистина значајни.

Секако ќе го потенцираме значењето на просторот при оформувањето на нашата нова држава, при градењето на новиот републички буџет за 1993 година затоа што и самиот претставник од министерството за финансии ни кажа дека е апсурдно да се поднесат амандмани во овој период за ребалансот на буџетот затоа што всушност тоа е покривање на нешто што е веќе завршено.

Просторот во оваа држава треба навистина да си го најде своето место заради тоа што е многу битен при формирањето на новата држава. Ако просторот не го контролираш тогаш не можеш ни државата да си ја создадеш. Беше кажано дека треба да се одделат многу повеќе средства за просторниот план на Републиката тој е веќе застарен и кој е направен уште во периодот на заедничкото живеење во Југославија, кој е направен со едни социјалистички идеи за градење на огромни гиганти за кои беа потребни резервации на огромни површини кои стојат за ништо, а не се издаваат не се парцелизираат за малото стопанство заради тоа што не може да се направи бидејќи треба да се направат измени. Да не зборуваме за просторниот план од аспект на патните правци кои се потребни сега во

Република Македонија како од сообраќаен така и од стратешки карактер. Кај нас во Републиката сега постои инцидентен урбанизам т.е. преку него имаме директно мешање на политиката во изработката т.е. детализирањето на урбанистичките планови, бидејќи нема средства за изработка на нови. Исто така, заради отсуство простор со него и детални урбанистички планови изостанува донесување на нови локации чие немање доведува до одлагање на инвестирање од страна т.е. на странски вложувања заради тоа што кога еден вложувач ќе сака во Републиката да инвестира во некој објект кога ќе види со што треба да се соочи за добивање на локација се откажува од тој план.

Секако за ова придонесува и законската празнина која дојде бидејќи законската регулатива во оваа област уште не е донесена, а таа е секако поврзана за локалната самоуправа која го врзува донесувањето на законот за просторно организираше. Заклучивме дека Владата треба што поитно да ги донесе овие закони во оваа област и во изготвувањето на Буџетот за 1993 година треба што поголемо внимание да обрне на оваа проблематика. Бидејќи ние не поднесовме амандман од тие причини бидејќи ни беше укажано дека нема сврха да има амандман јас предлагам она што колешката Стојанова го кажа во вид на заклучок нејзиниот заклучок да се продолжи со уште еден дел кој би гласел "во буџетот за 1993 година" да се обрне поголемо внимание во финансирањето на просторното и урбанистичкото планирање во поглед на зголемување на износите на средствата за оваа намена".

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Разгледувајќи ги предлог - измените на Републичкиот буџет за 1992 година Комисијата за земјоделство и шумарство констатира дека измените на обемот и структурата базираат на мерките од антиинфлационата

програма со дополнителните мерки и со новите проценки за потребните средства, а кои имаат рестриктивен карактер.

Исто така, Комисијата оцени дека средствата наменети за поттикнување на земјоделското производство во буџетот за 1992 година учествуваа во почетокот, мислам кога го носевме буџетот, учествуваа со двојно поголем процент при што тогаш позитивно беше оценето со оглед да се дава доста средства за поттикнување на земјоделското производство.

Меѓутоа, ако сега го процениме тоа учество може да се види дека овој процент е намален скоро за половина. Целиот буџет кога ќе го земеме и кој во колку проценти учествува. Со ова нема да се покријат ни законските обврски во однос на субвенциите и премиите дека овие обврски ќе бидат пренесени во наредниот буџет за 1993 година. Имајќи ги предвид вкупните состојби и рестриктивната политика и кон другите буџетски корисници, Комисијата не предложи измени и заклучи на Собранието да му предложи да ги донесе измените на Републичкиот буџет за 1992 година со укажување при утврдување на Републичкиот буџет за 1993 година посебен третман треба да се даде на земјоделието во смисла на обезбедување на потребните средства за планираното земјоделско производство и законските обврските во земјоделието за кои се потребни средства од буџетот.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, почитувано претседателство, предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година при дефинирањето на буџетот беше образложено од страна на експертската влада дека поаѓајќи од глобалните индикатори на развојот во 1992 година кои се користат и за утврдување на макроекономската политика во моментот кога го донесовме буџетот требаше да се изврши ребалансот поаѓајќи од материјалната состојба на

нашето стопанство и спомнатите индикатори за развојот и приодите на фискалната анестезија и прогресија на даночните зафати.

Предлогот на измени на Републичкиот буџет за 1992 година го потврдува горе изнесеното со 270% дефлатор. Реалното опаѓање на општествениот производ од планирани 8% а сега се оценува на 15%. Општите општествени и заеднички потреби да изнесуваат 38% јавната потрошувачка со антиинфлаторната програма со 35%. Во сегашниот момент јавната потрошувачка ќе учествува со 28,7% во општествениот производ. Предложениот износ од 217 и 800 милиони денари со предлог-измените на Републичкиот буџет во општествениот производ ќе учествуваат со 14,1%.

Компаративно со 1991 година јавната потрошувачка 43%, а порастот на цените на мало изнесува од 1886,8%. Овие се доволни параметри за овие податоци за движењето и состојбите во нашето стопанство во однос на антиинфлационата програма и на ребалансот за 1992 година.

Можеме слободно да заклучиме дека прикажаните параметри во буџетот и во ребалансот, постојните параметри покажуваат едно наше однесување како на Робинзон Крусо. Прегледот на планираните приходи на Републичкиот буџет по видови за 1992 година на ребалансот индексот е од 94,34% до 442,48 тоа покажува една добра динамика на плаќање на данокот од страна на даночните обврзници. Порано друго се тврдеше. Во овој контекст Владата мора од сега да предвиди за наредната година во Буџетот средства за научните и културните институции на националностите во самите постојни институции да бидат вработени и присутни албанци, турци и други националности. Сразмерно према плаќањето на данокот ова важи и за Академијата на науките. Сите народи што живеат во Македонија мора да ја развиваат својата наука и култура процентуално колку

учествуваат во приходите од даночната политика и другите давачки, бидејќи нашата ориентација како држава е пазарното стопанство.

Аргумент за изнесеното е данокот на промет како нужност да се остварува и во продолжена буџетска година се смета дека приходите од данок ќе се остварат во јануари најмалку со 50% да бидат приходи на буџетот. Согласен сум средствата за поттикнување и развој на споменатите дејности и институции да кореспондираат со обемот на средствата што по разни основи албанците ги одвојуваат за овие намени.

Прегледот на глобалата на расходите во структура и интервенциите во стопанството изнесуваат 18,29 и индекс 168,08 за народна одбрана средствата во структура се 13,21 индексот е 435,86%

XI/1/ДВ/лј

**ХАМИТ АЛИУ:** (Продолжение)

Иста е компарацијата и за Министерството за внатрешни работи во однос на тоа што го изнесе колегата Превала за неразвиените подрачја колку се дава развивање на стопанството .

Ребалансот според мене би можел да биде по селективен. Виталните ресори треба да имаат предност. На, пример трошоците на авио службите се 300 милиони денари, не треба да се планира и за нив, нека важи и за нив пазарното стопанство, барем сега имаат добра жетва.. Случајов е ист и со регресите на патниот сообраќај и жичарниците со бројка од 230 милиони денари, а кога знаеме дека постојано за нашата Република се инвестирало за овие жичарници, а, на жалост тие не работат. Ред е надлежното министерство да даде преглед на целата вкупна патарина што се собира и да се знае каде е нивната намена односно каде тире средства се користат.

Во контекст на тоа многу малце е издвоено за науката. Јас не можам да разберам дали една модерна држава може без наука и без средства на науката.

Конкретно Владата заедно со Министерството за здравство треба да го анализира разделот 29 односно контото 366 за износ од Ребалансот од 538 милиони денари. Ова го тврдам поради следното: Незнам каде има во други држави или на друго место ова министерство да има приходи од 2 извори, а од другата страна, граѓаните да имаат во аспект на расходите исто така од двете страни. Сите ние сме сведоци дека само со исклучок на еден интервентен преглед од медицинските центри, а ја имаме и другата крајност некои медицински центри како што е на пример во Тетово државните апотеки станале приватни а сето тоа се плака од даночниот обврзник а на крајот и од личниот доход.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат пратениците кои се надвор бидејќи ние сега работиме под кворумот а како што знаете тоа е уставна обврска, Собранието работи со повеќе од половината пратеници.

Има збор Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Според увидот што го имаме и според се она што досега беше изнесено во досегашната расправа по Предлогот за измени на Републичкиот буџет можеме да констатираме дека се пробиени сите предложени буџетски расходи. Средствата се зголемени, како што сите знаеме за над 186 отсто односно од 75 милијарди 850 милиони денари на 217 милијарди и 800 милиони денари. Ако имаме пред нас една ваква јасна слика тогаш не треба да имаме никакви сомневања. Ребалансот што ни се нуди претставува најдобриот показател за тоа какви се состојбите во Републиката. Веќе е очигледно алармот е даден. Ние повеќе не можеме да чекаме. Владата мора итно да ја преиспита својата политика. Мора да изврши брза ревизија на буџетските ставки, мора да се намали бројот на корисниците што се финансираат од државната каса. Тоа го налага не само крајно намелената стопанска активност, стандардот на населението постојано опаѓа, намалена е куповната моќ на населението. За ваквата лоша состојба ние не можеме само да ја обвинуваме меѓународната заедница односно причините да ги бараме во меѓународните фактори, во меѓународното непризнавање на Република Македонија, туку тие причини мораме да ги бараме и на друга страна. Не можеме да ги премолчиме не ефикасните инструменти на Владата за решавање на Стопанската криза и за запирање на постојаниот раст на загубите. Очигледно е дека

XI/3.-

генераторите на инфлацијата безмилосно работат и никој не може да ги запре. Владата не само што е немоќна туку со своите одлуки наместо резултати постигнува спротивни ефекти. со секое зголемување на цените на пример на струјата и на другите енергенти, нафтата и нафтените деривати данокот на промет и данокот на добивка, состојбите место да се санираат тие уште повеќе се влошуваат. Едноставно Владата не е во можност да изнајде ефикасни мерки за излез од кризата. Наспроти тоа бројот на корисниците што се финансираат од државната каса и натаму се зголемува. Не се преземаат ефикасни мерки за рационализација на државната управа, на локалната управа и самоуправа, на јавните претпријатија и државните институции воопшто. Ние не сме во состојба да зборуваме за намалување на даноците ниту за подобрување на функциите на оние инструменти што се сврзани со финансирањето и чија цел е подобрување на стопанската активност. не се остваруваат триковите базирани на данокот на добивка. Наспроти тоа буџетските приходи се обезбедуваат преку емисиите на Народната банка.

И покрај ваквата состојба ние не сакаме да разговараме за новите механизми кои се испробани инструменти и кои даваат позитивни резултати, како што е финансиската полиција која се користи во повеќе западни земји. Ние не можеме граѓаните да ги повикуваме на штедење бидејќи тие се на работ на егзистенцијата. Што можеме да направиме во овој момент.

Ние мораме добро да го прочешламе предлогот за измени на Републичкиот буџет. Многу негови ставки не се покриени со закон, а се регистрирани низ буџетот. Не се предвидува намалување на расходите ни по оваа ниту пак по некоја друга основа што овде се наведени во буџетот. Не се предвидуваат ефикасни инструменти за намалување на инфлацијата. Не се намалуваат корисниците што се издржуваат од државните јасли, за кој проблем Владата е должна овде да ни даде оправдани аргументи за

таквата состојба. Од тие причини ние не можеме да зборуваме за реален ребаланс. Според мене повеќе станува збор за некаква фиктивна буџетска конструкција отколку за реален буџетски документ.

На крајот, во услови на нецелосна законска регулатива се поставува прашањето за структурата на расходите по одделни корисници. Дали во Буџетот секоја ставка на расходи треба да биде покриена со закон или друг пропис донесен од Собранието односно дали одделни буџетски потреби можат да бидат предвидени и утврдени само во буџетот при неговото донесување. Јас мислам дека не треба да има вакви пропусти.

Во претходниот период јавната потрошувачка во вид на општи и општествени потреби беа таксативно наброени во Уставот кој се финансира преку Републичкиот буџет во вид на заедничка потрошувачка која се финансираше преку СИЗ-овите. Сега на сите ни е јасно дека тоа го немаме повеќе. Меѓутоа, преку деловниот увид на расходите ставката на Републичкиот буџет,може да се констатира дека финансирањето на некои потреби како се на пример Младинскиот совет на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата од НОБ и Републичката конференција на Сојузот на резервните воени старешини кои се дадени во разделите 56,57 и 58, според Законот за општествените организации и здруженија на граѓаните не се предвидува во Буџетот. Имено според член 30 став 2 од овој закон општествените организации средствата за својата работа ги стекнуваат од придонесите што ги плаќаат членовите на организацијата со учество во доходот остварен со вршење на стопанска и друга дејност што ја организира општествената организација и од други извори. Имено во членот 40 од овој закон стои дека општествените организации и здруженија на граѓаните кои се регистрираат за остварување на политички интереси и

цели имаат најмалку 1000 членови ќе им се обезбедат средства од Републичкиот буџет во износ од 3 просечни бруто лични доходи остварени во стопанството во Републиката и ништо повеќе. Затоа не може да се прифати нешто друго, а овде во предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година ни се нуди финансирање не само на вакви туку и на нови корисници, 7 научни институт кое треба според предвидувањата да биде од 1 декември о.г. иако досега самостојно ја финансираа својата дејност, а во законот за научно истражувачката дејност нема обврска за нивното финансирање во буџетот.

Во разделот 30 конто 431, Министерство за финансии компензација на дел од трошоците за издаваше на весници и списанија, не се предвидени како законска обврска за финансирање од средствата на буџетот. Поради сеуште недонесениот закон за локалната самоуправа и натаму останува отворено финансирањето на месните заедници, хуманитарните организации кои досега се финансираа од Буџетот на општинските собранија.

Со оглед на фактот дека е преглед на разгледување Ребалансот односно финансирање на у тврдените носители на расходовните ставки во буџетот за 1992 година за уште 2 месеци од оваа година, предлагам да се преоцени општествената оправданост на наведените носители на расходите. Сметам дека се ова значајни прашања кои Владата треба да ги има предвид.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, Ребаланс значи израмнување, изедначување на сите корисници на Буџетот. Тоа во обични случаеви се прави на тој начин што од 1 корисник на буџетот кој има повеќе средства се зема и се префрла на корисник кој воглавно од оправдани причини предвидените

средства со Буџетот не му достасуваат. Меѓутоа, крајната цифра на буџетот воглавно не се менува или трпи сосема мала корекција во плус или минус. Во нашиот случај не знам може да се нарекува ребаланс кога збирната бројка или целиот буџет се зголемува за повеќе од три пати во однос на планираниот за 1992 година. Тоа можеби е подобро да се нарече валоризација или едноставно целосно зголемување на буџетот бидејќи без исклучок нема ниту една ставка која не е зголемена. Или конкретно од 94,34% кај паричните казни до 442, 48% кај данокот на доход во приходниот дел до 168,08% односно 435,86% во расходниот дел.

Како основна причина за оваа постапка се наведува инфлацијата што во случајов не е спорно. Но, истовремено се поставува прашањето колку и овој буџет делува генераторски на инфлацијата. Иако преовладува општата констатација дека е крајно рестриктивен и тоа не е речено што претставуваат 30 милијарди денари кои не достасуваат за задоволување на потребите на сите предвидени корисници и покрај споменатото енормно зголемување. Оттука можеме да извлечеме едноставна констатација дека овие даватели на буџетот не можат да ги издржат овие корисници на истиот тој буџет. Како резултанта се поставува прашањето кое е решението. Решение е или давателите како број да се зголемат или стапките на досегашните зафаќања да се зголемат. Тоа е едноставна математичка операција. Но, дали е така. Јас едноставно ќе кажам, со искуството што го имак дека не е решението во тоа. Оттука на оваа влада, на овој парламент и на оваа државно раководство треба да му стане јасно дека ова македонско стопанство и овој македонски народ не може да поднесе таква државна потрошувачка. Кулминацијата е постигната. Понатаму вака не може. Сакале или не треба да им биде јасно на факторите што ги спомнав дека треба веќе еднаш да го отпочнат најболниот процес. Несреќата е во

нивни односно во наши раце, рестрикција на сите корисници на буџетот. Но, притоа сакам едно да подвлечам, во никој случај не на штета на функцијата. Се мора да функционира и тоа подобро и без прекорно. Работата треба да се сведе на симнување од списокот на некои корисници на буџетот до намалување на бројот на извршителите во било кој однос во сите институции и тоа без исклучок. Јас сум убеден дека со намалувањето на бројот на извршителите не само што ќе се подобри финансиската положба на сите државни институции туку со сигурност ќе се подбори и самата функција затоа што нема на кого да се огледа и секој што ќе остане на работа ќе си ја врши својата задача.

За да го поткрепам ова мое размислување ќе го наведам примерот на позитивната рестрикција во секретаријатот за финансии во Струмица каде сега во 4 одделенија вкупно се ангажирани 34 извршители и тоа во одделението за даноци 26 извршители во одделението за надзор и контрола 3 извршители во одделението за имотноправни односи 6 извршители и во одделението за општи и финансиски работи 19 извршители.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Или вкупно 54 извршители како што реков.

А порано само во првите две одделенија работеа 44 извршители. Логично се поставува прашањето како се извршила функцијата. За ова прашање разговарав со раководителот за финанси во Струмица, како и со некои даночни обврзници кои во тој момент се најдоа во просториите на оваа институција. Одговорот беше од двете страни идентичен. Работите се одвиваа без никакви проблеми, а тоа ќе го поткрепам и со следните бројки, односно показатели. Заклучно со 30.11.1992 година по основ на данок од доход се уплатени 481.643.063 денари данок од личен доход 1.557.363.169 денари, данок на промет на производи 2.039.006.232 денари, судски и административни такси 11.411.550 илјади денари, приход од граѓани вкупен облог 400 милиони денари, на платено 190 милиони денари, само од овие 4 ставки претставуваат нешто повеќе од 6% од планираниот буџет на Републиката, односно 2, 4% од ребилансираниот буџет на Републиката. Но сепак притоа беа искажани низа неправилности од наједноставните избегнувања на неплаќања на никакви даночни обврски, до разни малверзации, прикривање и разни сите други злоупотреби. При ова би го навел и следниот пример. Ако во одделението за даноци сите 26 вработени во текот на цела 1992 година треба да го соберат целокупниот облог на граѓаните во Струмица кој изнесува 400 милиони денари, само со еден извршител во одделението за над- зор и контрола во периодот од 23.X. до 20.XII, што значи за неполн еден месец за контрола на приватните увозници на нафта и нафтени деривати има собрано 460 милиони денари. При ова, е неминовно да се постави прашањето каде е сега критериумот за стимулација, наградување на така добро извршените работни задачи, за

што ми беше речено на еден извршител од Струмица и еден таков извршител во Валандово или Радовиш е потполно ист, а очигледно ефектот од истата таа работа, не е ист. Прашање е кое бара одговор.

Кога станува збор за стимулативни мерки, морам да кажам дека тие воглавно изостануваат и тоа на сите нивоа, од лични, поединечни, па се до цели општини и региони. Зошто би навел уште еден пример како државата не траба да се однесува. Податоците добиени од низа години station наназад, Струмица како општина е една од поголемите даватели на средствата на Републичкиот буџет .Во истите тие години Струмица во возврат добивала скоро секогаш во возврат двојно помалку. И како резултат на таквата политика платите на вработените во Струмица биле секогаш најниските. Така во Струмица на табелата на општините во Републиката што заземала 27, па и дури и 30 место во однос на личните доходи споредено со другите општини. Овие аргументи мислам дека е време да бидат согледани и како пратеник од тој град. Ќе преземам обврска дека постојано ќе се залагам односите на придонесот на Струмица во формирањето на Републичкиот буџет биде во близок сооднос со добиените наменски средства за потребите на општина Струмица. Струмичкото стопанство и струмичките граѓани можат само таков третман да прифатат и поддржат.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот сакам да истакнам дека го поддржувам предлогот на измените на Републичкиот буџет за 1992 година и оваа расправа што ја водиме денеска по оваа точка лично мислам дека е една платформа за изготување на Буџетот за 1993 година, бидејќи јасно и

во образложението и во укажувањето на досегашните дискутанти беше речено дека доста обврски се преземени до наредната година, така да овие дискусии можат да се насочат во платформата за изготвување на Буџетот за наредната година.

Кога го носевме овој буџет 1992 година прогнозите на економистите беа дека ќе имаме неколку ребаланси, па дури се спомнуваа два-три итн. меѓутоа, еве веќе сега за прв пат правиме ребаланс , што можеме и на обемен начин да го квалификуваме како еден успех, имајќи ги предвид условите во кои што стопанисуваме. Меѓутоа, кога сме кај платформата би сакал да истакнам неколку работи кои што би рекол и во договорите кој ги правевме, и во Комисијата, а и оценките на ова Собрание, кога се носеше, бидејќи очиклено е дека еден простор во кој што може и те како да влијае во однос на стабилноста на буџетот е и рационализацијата на вработениве кај сите корисници на Буџетот. Тука со доста добри примери и претходниот дискутант кажа, јас не би сакал да ги повторам тие дискусии и сметам дека ако со една реална стапка на вработеност кај сите корисници на Буџетот имаме, тогаш ќе имаме и еден стабилен буџет, без тоа сигурно дека и понатаму и наредниот буџет на одреден начин ќе шкрипи и ќе имаме различни проблеми во различни сфери.

На крајот сакам само да истакнам дека без една реалност и кај приходниот дел и кај расходниот дел сигурно нека да постигнеме она што и сите се залагаме. Затоа уште еднаш да повторам дека во вакви услови во кои што живееме тука на планот на економистите, политичките итн. со таков ребаланс треба да бидеме задоволни.

XII/4.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Морам да го изразам мојот процес што половина од Владата не се присутни на седницата кога расправаме за ребалансот и да укажам на следното. Сметам дека како пратеници ребалансот на Буџетот го носиме проформа како воспоставена практика како не треба да работи еден Парламент по прашање кое претставува основа за димензионирањето на сите зафаќања по било кој основ, од било кого, а врз основа на закон. И покрај барањата на пратениците и Комисијата за буџет и финансирање за одредена прегледност во методологијата на изготвувањето на буџетот и ребалансите, пратениците немаат никакви компаративни показатели кои што ќе ги стави во активна позиција и можност за компетентно водење на буџетската политика. Ребалансот наместо во јули го добивме на седница во декември кога се е веќе минато и свршено време, а веќе извршената искористената прерсаспределбата на средства и искористени средства може само да се констатира постфестум . Затоа и укажувањето дека во ребалансите и буџетите како показатели треба барем за наредниот буџет за 1993 година да ги добиеме сите потребни показатели во раздели, позиции и конта за претходната состојба и планираната состојба , како и побарувањата на корисниците на буџетските средства Средствата кои што се прикажани во ребалансот во врска со потребите за покривање плати на вработените во корисниците на буџетските средства, не се поткрепени со факти, дали станува збор за реален пораст на платите на затекнатиот број на вработени во органите на управата, или станува збор за тоа зголемување на бројот на вработените. Впрочем тоа беше и укажувањето од пратениците од комисијата за буџет и финансирање, протест заради тоа што Владата досега нема извршено систематизација во сите министерства,

пред се, тука станува збор за преземените работници од органите на управата во општините,што овозможува буџетот и ребалансот на буџетот да го утврдуваме во позиции според тоа, какова ние затекнатата состојба, кој колку бара, само да поднесува барање во Министерството за финансии, министерот за финансии, односно Министерството само да констатираат субјективно дали нешто треба да се покрие или не и работите воопшто да не се променуваат.

Основни забелешки во овој ребаланс, кој по мене лично можат да послужат за изготвување на Буџетот за 19 93 година се дека требаше утврден посебен раздел за царинската управа која што е основавме како корисник на буџетските средства со Буџетот, иако во наша вина на Парламентот сеуште не е именуван директорот и заменикот директор на царинската управа, со што истата формално правно не отпочна да работи. И како посебен раздел треба , требаше а и треба во идниот буџет да се прикажат средствата кои се користат за потребите на Армијата на Република Македонија со укажување дека разделот 8 во кој што сега се опфатени средствата за финансирање на потребите на штабот на Територијалната одбрана да отпадне, бидејќи територијалната одбрана е во рамките на системот на Армијата на Република Македонија.

Што се однесува до разделот 2 8 за Министерството за култура би требало да се наведат сите корисници на средства од Буџетот, домови на култура, младински домови, театри, Македонскиот народен татар, операта, филхармонијата, театарот на националностите, разните кина, библиотеки, музеи, музички училишта, пионерски домови и слични корисници од средствата на Буџетот од Републиката.

Сега моментално заради недифинираните сопственички односи над овој општествен капитал незаокруженоста на системот во општествените дејности имаме состојба сите корисници, овие напоменати, да поднесува барање за финансирање на своите потреби, меѓутоа, врз неизградени критериуми што не и даваат можност на Републиката кој од овие дејности и корисници ќе имаат карактерна државна сопственост за да можат да бидат навистина реални буџетски корисници.

Основна забелешка ми е што Владата еви и со денешната седница, до крајот на оваа година не се потребни да го изготви буџетот за 1993 година и не понуди на Парламентот мерки за економската политика за 1993 година за да може врз основа на мерките на економската политика да се димензионираат и дефинираат средствата потребни за финансирање на дејностите и институциите преку буџетот на Републиката. На тој начин 1993 година ја започнуваме без познати услови на стопанисување аи во стопанството и во земјоделството. Основен проблем на буџетот и на ребалансот и на даноците како извор на приходи во буџетот немаат развојна функција, т.е. не се во функција на развојот и повеќе како да се цел самите за себе, за потребите на администрацијата и администрирањето. Затоа и даночниот систем е и крајно неопходен со сите оние закони кои што во форма на предлог за донесување ги имаме и на денешната седница, за да може навистина да имаме и стабилни извори на финансирање, меѓутоа со даноци кои што ќе имаат развојна функција,; Сметам дека би требало Собранието да го прифати заклучокот, прашањето на рационализација на органите на управата и општествените дејности, воопшто не сме ги начнале и започнале, а камо ли да очекуваме било какви промени и затоа на Собранието му предлагам да го прифати заклучокот Владата да му предложи акти и измени на акти со кои што Собранието ќе ги

утврдува критериумите за определување на бројот на вработените на сите органи на управа и институции и дејности финансирани од буџетот и да се утврди списокот на корисниците на буџетските средства. Што побрзо треба да се решат сопственичките односи во поглед на општествените дејности кои моментално се финансираат од Буџетот за да можеме оние за кои државата има истресе да ги финансираа им обезбеди стабилни извори на финансирање, а оние кои што нема интерес државата да ги финансираа и развива да им овозможи да стопанисуваат според пазарните услови на стопанисуваше, односно на пазарот, и да се утврди Законот за платите за да можеме на сите вработени на органите и институциите и дејностите корисници на буџетските средства со определени коефициенти, при изготвуањето на Буџетот и ребалансите на буџетот да ги имаме познати параметрите со кои ќе се димензионираат и утврдат вкупните потреби на корисниците на средствата од буџетот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам сосема на кратко да го кажам моето мислење за Ребалансот. Прво, да се изјаснам дека ќе го прифатам ребалансот, ќе гласам за него, свесен за објективноста на потешкотиите во кои се работи и во приходниот и расходниот дел на буџетот. Меѓутоа, би сакал да констатирам три работи:

Прво, буџетот за 1992 година во Собранието на Република Македонија е усвоен во висина од 7 6 милијарди денари, сега се нуди ребаланс на Буџетот во вкупна висина од 218, односно во сооднос 1:3 со Буџетот што беше усвоен и можеме да констатираме од увидот во конечниот ребаланс на Буџетот дека со додатните 142 милијарди денари кои ги воведуваме практично со денешната расправа и до усвојувањето во

основа не се нарушува, меѓутоа сепак се нарушува дел од структурата на Буџетот освоено во расходниот дел онака како што е усвоен од ова Собрание. Заради тоа можам да констатирам дека Собранието до нивото на приходи, особено до нивото на расходи на Буџетот за 1992 година во износ од 1976 милијарди денари водеше буџетска политика, а сега со оглед на тоа дека имаше неколку најави дека сите овие пари и во приходниот и во расходниот дел се реализирани, ние не сме во состојба со верификацијата да водиме буџетска политика, туку само ќе го верифицираме. Мислам дека тоа како политичка оценка особено од оваа говорница треба да се каже и да сме свесни дека буџетската политика овој Парламент ја водеше до нивото од 76 милијарди, сега на нивото од 218 милијарди ја верифицира буџетската политика која ја водеше Владата, односно Министерството за финансии, зависно до односите во Владата и тоа не е сигурно само на сметка на оваа Влада, затоа што оваа Влада кога дојдеа на позиција добра дел до 76 веќе баеше пробиено итн. Мислам дека не би смеело и во вакви инфлаторни услови да се доведе Собранието во функција да верифицира буџетска политика на Владата, а не да ја води сопствената буџетска политика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Секако дека ќе се согласите дека буџетската политика е една од најважните политики во сите држави, сите закони што ние ги донесуваме во основа се или закони за собирање на средства во Буџетот или закони за трошење на средствата од Буџетот. Многу малку останувaат закони со друга функција. И покрај тоа што е ваква состојбата, јас кажав дека го прифаќам тоа можеби како објективност и ќе гласам за Буџетот, меѓутоа, еве можеби едно отворено прашање за Министерството, односно за претставникот на Владата или претставникот на Министерството за финансии. Што ако овој Ребаланс на буџетот не биде усвоен од Собранието на РМ и како понатака ќе се превдаат тие средства особено за структурата над 7 6 милијарди денари.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на значењето за висината на средствата што треба да се одделат во Буџетот или сега во Ребалансот на буџетот, согласно позитивните законски прописи за да се обезбеди национална здравствена безбедност, ќе изнесам некои мои констатации. Токму затоа сакав да го изнесам својот став во врска со најновиот предлог на Владата односно ресорното Министерство за финансии за надминување на финансиските состојби во здравството изразени низ парите предвидени за таа намена во Ребалансот на Републичкиот буџет.

Имено, во предлогот за изменување на Републичкиот буџет во делот каде се предвидуваат дополнителни средства за здравството страница 16 во текстот, раздел 29, предвидува вкупен износ од 744 милиони денари за сите програми кои опфаќаат околу 18 групи на активности, односно во

ребалансот се предвидува зголемување од околу 298,3 милиони денари во однос на почетната сума предвидена во Буџетот. Веднаш да истакнам дека овие средства не само што се мали туку ако во иднина се оди со ваков пристап кон проблематиката на здравството, никогаш нема да се постигне саканата цел. Имено, овие средства за превентива, а знаете дека превентивата е основата на здравството, се сосема малку.

Од каде произлегува моето незадоволство? Не само денес по овие прашања можеме да дискутираме, и сигурно ќе дискутираме уште многу пати, но до саканите резултати нема да дојдеме ако не го измениме концепцискиот приод кон оваа проблематика. Имено, решението на овој проблем не е можно без јасен и прецизно утврден даночен систем, зашто без тоа нема ниту реално утврдување на Буџетот ниту пак ќе се создадат реални услови за финансирање на вкупната општествена надградба во која секако спаѓа и здравството. Старо правило е, трошоците на здравството растат побрзо од растот на инфлацијата и тоа од две причини: прво, од се побројното присуство нас постарите лица од вкупното население од Републиката и второ од воведувањето на новите тестови и терапеутски тестови кои го зголемуваат интензитетот на медицинските услови.

За ваша илустрација и информирање ќе се послужам со неколку податоци од мојата област. Ако еден здравствен дом во просек од 15 0 вработени има вкупни месечни трошоци за остварување на неговата функција од околу 60 илјади германски марки, се разбира во денарска противредност, а од друга страна сме сведоци дека одделни таканаречени наречени малостопанственици само со една зделка го остваруваат тој износ во текот на една недела, а тие сеуште се надвор од даночните зафаќања, а во тој контекст и од здравството, тогаш јасно дека нема да се создадат изворни приходи за финансирање на општествената надградба,

вклучително и на здравството, ако не утврдиме нов концепт и приод на дефинирање на даночната политика. Само утврдувањето на нов систем на даночни обврски за сите даночни субјекти може да придонесе да се создадат трајни и доволни извори за финансирање на здравството и другите дејности од општествената надградба.

Износот од околу 298 милиони денари предвидена за здравствената заштита и здравственото осигурување во ребалансот на Републичкиот буџет во однос на потребните средства за финансирање на оваа дејност, кои реално изнесуваат околу 10 до 12 милијарди месечни потреби, претставува нереална дури и смешна сума. А како ваквиот приод и третман на здравството и воопшто превентивата ќе се одрази врз вкупната здравствена состојба на населението на овие простори ќе почувствуваме подоцна, иако и денес сме соочени со некои состојби кои укажуваат дека се враќаат некои болести кои се одраз на земји со ниско ниво на стопански и економски развој. Да потсетам и тоа дека во моментот здравствената дејност е толку потценета што можеби ниеден профил на стручни кадри од нашето ниво не зема помал лични доходи од здравствените работници.

Во ваквите услови вкупниот приход на осигурено лице во 1991 година изнесуваше 4200 денари, а да не заборавиме дека РМ по било кој основ има осигурено околу 2 милиони луѓе од вкупно 2 милиони и 39 жители, што зборува за висок степен на социјализација на здравството, а по правило секоја програма што ги проширува правата на здравствена заштита треба да биде во функција на контрола на трошоците.

Веднаш да додадам и тоа дека еднократните мерки што евентуално би ги планирала Владата сигурно не може да претставуваат трајно решение на овој проблем. Еве на пример како изгледа состојбата во некои развиените земји во споредба со на од оваа област.

Во САД 1991 година вкупните расходи по осигурено лице изнесуваат 2566 долари, кај нас само 25-30 долари. Сигурно некој ќе рече далеку е Америка од нас. И тоа е точно. Но во вкупниот бруто национален доход на САД оваа ставка претставува 12,2%, до- дека кај во Републиката тоа изнесува недели 3,8%, се разбира ако е се под евиденција на она што ние би го нарекле општествен производ. зарем ова ен се доволни илустрации дека навистина нешто мора да се менува во прилог на здравството во нашата Република.

Од сето произлегува дека има многу нешто погрешно како здравството се финансира во оваа земја, а се разбира и планираните буџетски средства.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, нормално кога сме ставени во ваква позиција да одлучуваме за ребалансот на Буџетот не ни останува ништо друго освен да го прифатиме. Нормално и јас сум за тоа дека мора да се прифати. Но, на некои работи мора да обрнеме внимание затоа што ние како пратеници во овој Парламент донесуваме одредени закони, кои беа одредена обврска за обезбедување на буџетски средства.

Незнам дали се сеќавате дека ние во август месец го донесовме законот за пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците од РМ. Прв пат во оваа држава да се оствари и правото на земјоделска пензија. И тогаш истакнавме, а во тој закон имаше потенцирано дека износот за земјоделците во РМ ќе биде 11600 денари, т.е. половина од вкупниот износ и дека со ребалансот на Буџетот за 1992 година тој износ ќе се исплатува во целина. Но, овде во ребалансот на Буџетот јас апсолутно не можам да

видам дали со овој ребаланс на Буџет е земен предвид ваков целосен износ на пензиите на земјоделците во РМ.

Исто така сакам да укажам дека со донесувањето на тој закон е создадена обврска и таа обврска мора да се вметне со новиот Буџет за 1993 година. Меѓутоа, ние сакале или не, незнам колку тоа министерот го има како сознание, бидејќи е ова втора влада, ние направивме извесна неправда спрема земјоделците корисници нас земјоделска пензија во РМ, затоа што оние што беа внесени во евиденција го остварија ова право со половичен износ според тоа закон. Меѓутоа, оние што ги исполнуваат законските обврски доставуваат документи во ресорните министерства и испостави во градовите на РМ, не можат да го остварат тоа право и ние фактички имаме една нелогична состојба. Го молам министерот за ова прашање ако е во можност да ни објасни како тоа прашање треба да се регулира со ребалансот, а сигурно јасно ми е дека со Буџетот за 1993 година како обврска тоа мора да се стави, и посебно ќе инсистирам.

**ФАИК АБДИ:**

Ќе почнам со една реченица: што ако не се усвои овој ребаланс. Ако не се усвои овој ребаланс, ќе настане парализа на се што постои денес во РМ и така мизерно и сиромашно, ќе нема средства за образование, здравство и социјала, за нас личен доход, за други личен доход итн. и претседателот на државата ќе стави вето на една таква одлука, односно ќе даде налог да се извршат одредени расходи заради живеење на државата. Тоа значи дека ребалансот мора да се усвои не заради тоа што некои ќе стави вето туку заради тоа што ова мора да се усвои. Тие трошоци се направени. Ова е поминато, одамна поминато време. Гледајќи го износот во

Буџетот, дојдов до заклучок до кој и вие дојдовте, го респектирам мислењето на претседателот на Комисијата за буџет, господинот Шабан Превала, на Перо и на други колеги пратеници овде. Значи, доаѓам до заклучок дека во прашање е мноштво интереси, сите сакаат што помалку да дадат како придонес од доход и личен доход, а сите сакаат што повеќе да користат како плата, материјални расходи, култура, здравство итн. Некои тоа го кажуваше за еден друг систем, меѓутоа, тоа е жива материја, тоа е тоа, и денес и понатаму така ќе биде. Дали имаме ефикасна Влада, дали Владата е крива што немаме даночна полиција, што не сме ги вовеле даноците, придонесите по приватниците итн. Тоа е дискутабилно. Една работа мора да признаеме, дека луѓето преку ноќ стануваат богати, да не речам, нека не ме сфатат лошо, апаши, неплаќајќи ова или она, преку граница, над граница итн. донесуваат работи кои ги продаваат. Тоа е тоа во моментот. За жал, тоа е вистината. Но, да веруваме дека лека полека ќе се стабилизираме и кога ќе дојдеме до она ниво кога ќе речеме тука сме блиску до Запад. Ние ни од далеку не сме до тука. Ние не сме јапонци со мозокот, со паметот, не сме Американци затоа што вака мислиме, вака се однесуваме. Инаку можеме да работиме, и тој е човек, и ние сме луѓе, секој може да работи. Сега, колкава е нашата свест, тоа е друга работа. Дали ова е вистина или не, кој како сака нека сфати.

Ако овде се говори за еден предлог на буџет од 86 милијарди и тој можеме да го потрошиме во одреден временски период и можеме да го контролираме, па сега настана 200 и незнам колку, тој Буџет од 86 милијарди требаше да биде поделен на 12 месеци и 1/12 да се потроши. И овие 200 и кусур од ден на ден се зголемуваат заради што има инфлација, страшна депресивна политика, депресијација на динарот, обезвреднување

на нашата валута. Зарем тоа не го гледаме, не го знаеме? Тие 86 милијарди во март - април да ги мериме со западно - германски марки, колку ДМ изнесуваа. Овие 200 и кусур милијарди колку ДМ изнесуваат? Сигурно помалку. Тоа значи реално и стандардот ни опаѓа и воопшто вкупната економска моќ на РМ опаѓа. Мислам дека она што владее во моментот кај нас, она што не опкружува, и она што се предлага овде, намалување на општите општествени потреби од аспект на превработеноста, тоа не е лошо, тоа е добро, меѓутоа, кога ќе дојде моментот на признавање, кога ќе очекуваме помош од ММФ, Европската банка, меѓународната банка за обнова и развој, капацитетите кои ги пуштија, кога би имале пазар, нашето производство кога би одело како пред 12 години, не пред 10 години, сигурно овој Буџет ќе биде многу мал, ништо, ќе имаме еден перфектен огромен, голем буџет и секоја давачка внатре ќе учествува со еден мал процент. Во апсолутен износ тоа ќе биде големо во процент ќе биде мало.

Јас ќе го прашам министерот, заради тоа што сум малку оддалечен од оваа проблематика и материја, што е тоа со личниот доход, каде е инкорпориран, внатре во материјалните расходи или во доходот. Ми кажа она што ми кажа. Тоа значи во наредниот период ќе мора да очекуваме личниот доход да биде во материјалните расходи, а добивката да се оданочува, па знак прашање е ако вака тераме дали ќе имаме добивка, дали ќе биде оданочена добивката заради тоа што ја немаме добивката, а тоа значи ќе мора да се најдат средства и начин како да се оданочуваме за да можеме да живееме, односно општата и заедничката потрошувачка да бидат тука.

Во оваа прилика морам да кажам мислења и жалби од многу области и жалби иако тоа и вие го знаете. Морам да речам дека просветно –

образовниот кадар ни оддалеку за ништо не е платен. Верувам дека тој ќе мора да издржи, ќе мора да чека добри времиња. кадарот што работи во здравството за никаде е, во социјалата. Армискиот кадар, овие луѓе што работат на нашите царински постави, еден цариник ми кажа вака: господине Абди, јас ќе бидам принуден да правам и некоја далавера, да земам нешто заради тоа што живеам со толку и толку пари, а до мене, заедно работевме на овој граничен премин претставникот на МВР зема уште 60-70% повеќе. Веројатно ќе се изденачат со платите.

Сакам да предупредам на уше една работа. Ако овде ние како Собрание малку помалку се препукуваме, сигурно тие системски закони ќе ги донесеме побрзо. Според тоа и законот за локална самоуправа ќе го донесеме побрзо.- Тој закон е многу важен и тој не чини многу пари да знаете, огромни средства не чини. Законот за локална самоуправа што не можеме да го донесеме заради тоа што овде ќе настане незнам што меѓу нас, тој не чини многу пари и ете нека ми простат добрите месни заедници, ама има еден добар дел од месните заедници кои животарат така, никаква сметка за никого не водат, а платичката е на еден или друг начин, со кирии итн. и некои други работи од аспект на потребата на граѓаните и месните заедници и општините немаат реализација барем на она што мора да се реализира.

Да не одолговлекувам, предлагам да се прифати ребалансот на Буџетот. Многу зборувавме сите овде, дадовме многу мислење, но што е тоа е. Сметам дека таму да се направи некоја измена не може, а нам ни треба и култура и просвета и образование и се ни треба, не можеме да издвоиме ништо. Каква политика би била нашата без култура и таква култура без политика.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, ќе бидам сосема краток во изнесувањето на некои забелешки од ребалансот на буџетот бидејќи еден добар дел на дискутанти опфатија поголем дел од проблемите и недостатоците кои ги има овој ребаланс на буџетот.

Во досегашните разгледувања на буџетите односно ребалансите на буџетите во 1991 и во 1992 година па и овој сега наидуваме на извесни тешкотии кои се однесуваат на една крутост во самиот износ или пак распределбата по раздели, конта итн. така што и Комисијата за финансирање и буџет па и Владата стриктно се држи за тоа како Владата ќе го поднесе овој Буџет односно овој ребаланс на буџетот така и тој да биде изгласан односно да помине низ ова Собрание. Мислам дека тоа не е така, затоа што голем број на дискутанти во Комисиите па и овде, па и на самите амандмани заслужуваат навистина респект и измена на одделни делови од разделите односно од позициите на овој ребаланс.

Моето изнесувањето во овој момент ќе биде накратко само на разделот 78 што се однесува на Министерството за одбрана, а исто така и на разделот 9 на Министерството за внатрешни работи. Ако погледнеме на конто 400 до 402 во раздел 7 на Министерството за одбрана ќе видиме дека износот за овие позиции изнесува некаде околу 1 милијарда и 18 0 милиони денари.

XIV/1/НН/ЛБ

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, на истите конта на раздел 9, за внатрешни работи изнесуваат скоро 11 пати повеќе. Точно, мојата дискусија се однесува на тоа дека овој износ на раздел 9 е многу поголем и во однос на раздел 7, а исто така и во однос на другите дејности, особено општествените дејности кои што се најдоа навистина во една незавидна состојба. Тука мислам на образование, студентскиот стандард и други дејности, а во овој случај јас би рекол и за здравството, бидејќи состојбата во здравството на секого му е позната, затоа што и ние како пратеници, вашите семејства, познати и непознати пријатели се судираат со потешкотиите во кои што се наоѓа здравството. Би изнел само еден податок. Ако трошците на мало во 1992 година се зголемени некаде за 1,845%, ако трошоците во здравството грубо ги поделиме во два дела, едниот дел се однесува на личен доход кој што изнесува некаде околу 50 и неколку проценти, а останатиот дел на материјални трошоци, па и во овој дел што се однесува на трошоци за превентива, каде што на комисијата за здравство на 21.XII. е разгледуван ребалансот на буџетот и нашето инсистирање да дојде до зголемување на тие средства особено што се однесува на средствата за спроведување на програмата за задолжителна имунизација. Ако реков дека трошоците на мало се зголемени точно и тука се однесува дека трошоците за вакцинација изразито се скапи. Не само самата вакцина, тука и шприцевите, иглите и други материјални трошоци што следуваат. Така, да комисијата за здравство донесе одлука средствата од 530 милиони денари да се зголемат скромно само за 1 милијарда денари или се на се околу 465 милиони денари. Мислам дека Комисијата за финансирање и буџет овој пат имаше разбирање кога на овој амандман рече дека има потреба за усвојвуање на оваа потреба за зголемување на средствата, меѓутоа бидејќи така Владата

предложила и тоа си остана само на едно ветување.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници ќе се обидам во своето излагање да бидам кратка, бидејќи навистина голем дел од дискутантите посебно зборуваа за здравството и за сите потешкотии, со кои се среќава тоа. Меѓутоа, основно, што практично на овој Парламент му е јасно е дека ребалансот на буџетот се носи доцна, средствата се веќе потрошени така да е само прашање колкав дел од загубите во поедини министерства ќе бидат надокнадени, а колкав дел од нив ќе се пренесат на следниот буџет од идната календарска 1993 година па ќе стартуваат со загуби и понатаму ќе работат. Што се однесува до здравството во разделот 29 страница 16 позиција 366 гледате дека со буџетот се предвидени 744 милиони денари и од извештајот на Комисијата, а воедно и од излагањето што го слушнавме од Комисијата за финансирање и буџет гледате дека тие средства ни во мала доза не ги задоволуваат потребите што во овој момент ги има здравството во Република Македонија, меѓутоа основно нешто што стои и во извештајот на оваа комисија и во воопшто во сите излагања што досега беа е дека строго и децидно не се дефинирани обврските што Републиката треба да ги финансира во здравството на Република Македонија и кои што би биле издвоени од фондовското финансирање во кое што учествуваат сите граѓани на Република Македонија со стапка од 8,6% од бруто платата. Основно спрема мене е од сите овие расправи и во Комисијата и во Комисијата за финансирање и буџет посебно се потенцира е дека членот 32 од Законот за здравствена заштита и воопшто целиот закон, кој што е донесен како прв системски закон во Републиката и кој што веќе после одреден период се покажа дека има одредени недоречености, или не до

крај дефинирани работи ќе треба да претрпи измени. Тие измени би биле во смисла на децидна поделба на се она што значи финансирање од страна на Републиката односно превентивна или примарна здравствена заштита односно на она што Републиката ќе треба да си го покрие од буџетските средства. И се додека не се направи оваа поделба фиксно односно рестриктивно особено тоа што значи покривање на трошоците во здравството во Републиката а што граѓаните ќе плаќаат од својот џеб во смисла на фондовско финансирање, кое што подоцна ќе им се врати како лекување односно лекарства, се дотогаш ќе имаме проблеми во здравството односно ќе имаме прелевање на средства од еден во друг дел за да не се знае кој со колкав дел ќе учествува во потрошувачката

Токму заради тоа мислам дека и оваа расправа и голем дел на расправи во Комисијата иницираат на размислување во Владата да веќе овој закон треба да претрпи измени за да може здравството барем во овој период, кога тоа живее со страшни загуби и со големи тешкотии во еден дел да опстане и да може да функционира здравствениот систем односно да може еден дел од граѓаните на Република Македонија по основ на здравствена заштита и здравствено осигурување да се обезбедат.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сметам дека сме еден од ретките земји на светот во која што, а ова ме тера да го кажам предложените амандмани на ребалансот, во која што сите се залагаат буџетот да се зголемува. Обично во сите демократски земји борбата е на кој начин буџетот да се намали и од каде ќе се намали. Сите што предложија амандман за зголемување на буџетот да кажат од

каде ќе ги најдеме тие средства. Дали ќе се зголемат даноците или пак ќе треба да печатиме пари во Прилеп.

Моја забелешка е што се издвојуваат навистина огромна сума пари за министерството за народна одбрана без притоа да се разработи некој концепт или да се одреди овде во парламентот стратегија за развој на тоа министерство. Тука мислам на сите оние сегменти кои што се вклучени во тоа министерство ( територијална одбрана итн.) Исто така сметам дека еден голем дел од средствата се наменети за заштита на стопанските субјекти кои не се способни да опстојуваат на пазарот а сите знаеме дека во развиениот свет државата не се меша, туку пазарот одлучува кој може да опстои во него и конкуренцијата во него. Затоа сметам дека во иднина државата треба да го штити пазарот, условите за учество на пазарот за сите стопански субјекти треба да бидат исти, како приватни така и општествени,државни фирми. Ние сега сме во ситуација само да ги штитиме општествените фирми кои се сега во некоја фаза на трансформација, или сеуште се општествени.

Сметам дека овие забелешки Владата треба доста внимателно да ги погледа и да работи на тоа пазарот да биде тој кој што ќе одлучува кој стопански субјекти ќе можат да опстојат на него. Факт е дека и со овој буџет огромен дел од средствата одвојуваме за заштита на стопанските субјекти кои не се способни да опстојуваат на пазарот. Истото ќе ни се случи и со наредниот буџет и со понаредниот и постојано ќе бидеме во ситуација, што е нешто незамисливо за високо развиените земји, демократски.

XIV/5

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ**

Почитувани пратеници, знам дека трпението е при крај но само со неколку збора сакам да го кажам своето мислење за овој ребаланс.

Сите сме свесни дека сме во цајтнот, дека веќе оваа календарска година изминува и дека ништо не можеме да измениме, туку само можеме да заклучиме. Јас исто така ќе се осврнам на разделот здравство, иако повеќето од нашите колеги истакнаа некои свои сознанија.

Сметам дека и понатаму политиката што Владата, па и ние како Собрание ја сервираме према здравството е неправилна. Кога се донесуваше анексот на антиинфлационата програма што но- вата Влада, и ние како Собрание ја усвоивме имавме ветување дека дел од девизни резерви ќе се трошат за набавка на лекарства. Незнам дали е тоа сторено, затоа што ја знаеме ситуацијата во нашите аптеки каде што осигурениците кои и онака за бадијала добиваат по четири талончиња за набавка на лекарства од позитивна листа ги упатуваме на приватни аптеки каде што ги решаваат своите проблеми. Дури и за малигни заболувања, од групата на цитостатици фамилијата е во ситуација таквите лекарства да ги набавува од приватни аптеки.

Исто така беше како заклучок на тој Анекс на Антиинфациона програма беше да дел од средствата од продажба на нафта и нафтени деривати да бидат употребувани како средства за подобрување на состојбата со набавка на лекарства. Јас во тоа не сум убеден. Знаеме дека добивме и голема хуманитарна помош таа помош нормално се дистрибуира во хоспитални услови, за хоспитално болни, а амбулантно болните и понатаму своите проблеми ги решаваат во приватни аптеки. Зошто реков дека немаме слух кога се работи за здравството?

XIV/6

Минатата година кога исто така разговаравме за ребалансот на буџетот од минатата година и имаше амандман за доделување на 500 милиони денари за еднократна помош за набавка на лекарства не го усвоивме. Потоа баравме помош за дел од средства за хемодијализа и тој амандман не го усвоивме . Сега два нови амандмана од Комисијата за здравство не се усвоени. Единствено позитивно е што Комисијата за финансии и буџет не усмерува на буџетот од 1993 година, па да веруваме дека тогаш ќе се по- добри состојбата.

Кој смерници би биле во прилог за подобруваше на ситуацијата во здравството. Одржан е состанок со министерот за здравство д-р Тофовски, претседателот на Владата Црвенковски, деканот на медицинскиот факултет и претседателот на струковиот синдикат и веројатно има зацртано некои нови смерници како би се решавале проблемите во здравството. Верувајте дека еве денес дури 25 сме, здравствените работници дури денес ја зеле ноември- ската плата. Трпението е при крај сигурно, никогаш не сме поставувале ултиматуми и нема да поставуваме. И овој штрајк што е закажан како можен штрајк за 15 јануари како генерален штрајк здравствениот работник сигурно ако го оствари ќе го оствари како работен штрајк како и до сега. Знаеме каква е Хипократовата заклетва и никогаш нема да ја погазиме , меѓутоа сакаме ова општество и ние како собрание овде и Владата да мисли малку на здравството и да го промени начинот на финансирањето на здравството. Видовме дека фондовското здравство не ни донесува резултати и мора тука нешто да се менува. Вака навистина не оди.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ние испуштаме една многу значајна и важна компонента, а таа е кога го донесувавме буџетот претседателот на Владата рече дека за се она што зборувавме во врска со буџетот, а тој има антиинфлацион карактер, да тој

биде концептиран во правец на пазарна економија, рестриктивен карактер итн. дека не може во тој временски период Владата да понуди друго решение, да се промени бројот на потрошувачите на буџетот, да се промени структурата на буџетот да се променат изворите за формирањето на буџетот, обемот на буџетот итн. затоа го замоли тој Парламентот дека тоа Владата ќе го направи со ребалансот на буџетот а исто така дека тоа ќе го направи со новиот буџет. На жалост денеска имаме ние една потполно иста ситуација. буџет кој што е концептиран, каде што Владата всушност се има најдено помеѓу две концепции и тоа е концепцијата на потребите и концепцијата од можностите за формирањето на буџетот И таа Влада, наша, нова Влада не респектирајќи ги ветувањата на старата Влада се определи за потребите за концепцијата од потребите за формирање на ваков обем на буџетот. Меѓутоа таквата определба нас не доведува понатаму до една тешка економска положба. Јас разбирам дека тие потреби се големи, тие потреби се длабоки, широки, дека и овој ребаланс на буџет е направен и под големи притисоци, веќе стекнати позиции и привилегии, дека внатре има и стратегија и влијание и притисоци итн. меѓутоа од друга страна гледано бидејќи изворите за формирањето на тој буџет се потенки се и тие извори се помали се ние ќе дојдеме во ситуација длабоко да ја пробиеме антиинфлациона програма, затоа што приходниот дел на буџетот се по- малку ќе се остварува, расходниот ќе се покрива, а тоа ќе се покрива низ печатење на нови пари, тоа значи напуштење на кредитно монетарната политика, а таа и така ние изгласавме да биде лабава тоа значи нова инфлација тоа значи страшно покачување на цените и сите оние сидра за кои што ние се договаравме овде и ги концептиравме

во овој Парламент паѓаат во вода. Јас ова не го зборувам за да би ја критикува оваа Влада и да не се усвои овој ребаланс на буџет. Повеќе зборував за тоа дека е крајно време Владата да пристапи кон реформи во буџетската потрошувачка. Без рестриктивна буџетска потрошувачка, без значајни реформи во буџетската потрошувачка и буџетот да има офанзивен, развоен карактер нема излез од тешката економска состојба во која што ние влеговме. Вие гледате дека во буџетот ние имавме само една ставка која значи развој на неразвиените подрачја, која политика во претходните години единствено се покажа и како квалитетна и даде вистински ефекти и многу општини излегоа од сферата на неразвиените. Па еве и Кратово во кое што јас припаѓам, дури и не припаѓа веќе во тие општини неразвиени. Ние таму правиме крупни рестрикции, а онаму каде што значи директна, административна широка буџетска потрошувачка одиме со огромни покачувања. Тоа значи ние да ги сечеме корењата на кои што треба да почива оваа држава. Не е доволно колеги ние да прогласиме дека сме направиле држава со Устав, со референдум, закони да донесеме, да кажеме дека имаме демократија, слободи, слободно гласање итн. па да се има држава. Таква држава ако нема стабилна економија, ако ние не успееме да ги зауставиме овие широки негативни токови кои се одвиваат во економијата таквата држава брзо ќе пропадне, а ние ќе останеме во некое бледо сеќавање како Парламент кој ја концепирал таа држава, кој ги донел тие акти, ама како поединци, како партии ќе паднеме од таа политичка сцена и за секогаш ќе се изгубиме. За тоа има и многу примери. Погледајте еден Горбачов, еден од најголемите светски сили, така да кажам кој упорно зборуваше дека со перестројката и донесе демократија на Русија и на целиот Советски Сојуз, тој не помина многу време, а многу пати тоа го зборуваше падна во Советскиот Сојуз.

XV/1/CJ/OM

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ**: (продолжение)

Таков е случајот и со Солидарност и Валенска во Полска кои што се бореа токму за вакви промени , за демократија, за слобода , за права на граѓани, а ги изгубија изборите кога не успеаа на тие граѓани да им обезбедат леб, путер, месо и масло. Ние бевме сведоци во еден Букурешт каде што рударите викаат леб и путер. Ние бевме сведоци овде кај нас во Македонија сите штрајкови беа усмерени кон подобрување на животниот стандард. Според тоа, ако сакаме држава, ако сакаме стабилно општество ние ќе мораме да имаме и храброст и смелост и енергичност да направиме крупни, револуционерни зафати во целокупните сфери па и во буџетска потрошувачка.

Ваков буџет, ваква потрошувачка, вакви крупни зафаќања не можат да издржат многу покрупни стопанства отколку што е нашето македонско стопанство. Тоа не значи дека ние не треба да имаме демократија, слобода, слободни избори, права на граѓаните. тоа не значи дека тоа не треба да се развива меѓутоа тоа значи дека ние мораме да изградиме и формираме еден концепт за излез од оваа ситуација. според тоа, јас мисла^ ако некој рече овде дека сме ние во таков временски теснец за тоа што веќе парите се потрошени да мораме ребалансот на буџетот да го усвоиме тоа е тактика која што била досега на сите Влади и на оваа Влада еве и не довела веќе пред свршен чин, од прилика да мораме да дигнеме два прста, но ние мораме да заклучиме и покрај тоа што Владата ни нуди при- времено финансирање или буџетско финансирање за минатата година да можеме нов буџет да донесеме само потполно реформиран.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Јас добро реков, за време на донесување на овие закони ја напуштам седницата. Слушнете што говорам, нешто сфатете. Ќе упатам едно

прашање до министерот за финансии, а тоа се состои дали јас не разбирам или откако ќе добијам одговор ќе ми се разјасни, гледајќи и следејќи како се распоредуваат средствата ќе земам министерство за одбрана тоа е раздел 7 каде се вели лични доходи на работници и веднаш до него е средства за заедничка потрошувачка. Ваквиот ритам и распоред стои до крај во целиот буџет, меѓутоа во раздел 9 каде се однесува за средства за внатрешни работи стои вака."лични доходи и заедничка потрошувачка на работници" е во едно . Што изготвувачот на буџетот и излагачот го навело да прави ваква конструкција во распределбата на средствата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година. (Томислав Стојановски од место бара министерот да му одговори на поставеното прашање). Не  видите, не се ова пратенички прашања. Сите прашања и оговори се даваат во Комисиите, овде ако има потреба тој ќе стане да одговори. Тоа беше начелна расправа, ќе стане ќе каже, тоа е само инаку сите конкретни работи во рамките на комисиите треба да се расчистат. (реакција на неколку пратеници од место). Ве молам, не може на друг начин да се води дебатата за буџетот. Ако сака нека стане. Јас прашав дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на предлогот за измени на Републичкиот буџет за 1992 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 45 позиција 517 конто 418 и тоа е составен дел на предлогот за измена на Републичкиот буџет. Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 во посебниот дел раздел 3 и 39 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот за измени на Републичкиот буџет. Комисијата за здравство поднесе амандман на раздел 29 позиција 363 конто 456, раздел 29 позиција 366 конто 456 , пратеникот Стојмир Цветков- ски поднесе амандмани на раздел 59 позиција 618 конто 435, раздел 59 позиција 619 конто 435, а пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на раздел 20 и 41 за додавање ново конто 418 со кое Вла- дата не се согласила. Комисијата за здравство го повлекла амандманот на раздел 29 позиција 363 конто 456. Пратеникот Благоја Ханџиски поднесе амандман на раздел 24 позиција 45 конто 450 , а пратеникот Гоце Андоновски поднесе амандман на раздел 20 позиција 202 конто 418 по кој Владата не се произнесе. Пратеникот Горѓи Котевски под- несе амандман на раздел 22 позиција 232 конто 433 и на раздел 22 позиција 234 конто 433 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на раздел 20 позиција 202 конто 418 поднесен од пратеникот Гоце Андоновски.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 14 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 20 позиција 202 конто 418 поднесен од пратеникот Гоце Андоновски.

XV/4

Отворам претрес по амандманот на раздел 20 и 41 за додавање ново конто 418 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

Господин Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам само да го потсетам Собранието дека пред донесувањето на буџетот поднесов Предлог на закон за финансирање на втората фаза за системот за заштита на Дојранското Езеро и тогаш од страна на Владата имаше образложение дека нема потреба Собранието сега да го утврди во буџетот овој износ на средства за финансирање на втората фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро туку тоа ќе се направи дополнително во ребалансот на буџетот. Ребалансот на буџетот дојде. Имајќи ги предвид претходно утврдените постафки дека Собранието мора да создаде со закон обврска за да биде предвидена како позиција и ставка во буџетот исто така пред- ложи повторно закон за финансирање на втората фаза кој што беше поднесен на 22 октомври во собраниска процедура. На предходно донесениот закон, поднесен закон , Собранието го утврди заклучокот дека се задолжува Владата во рок од 60 дена да му достави конзистентен модел односно програма за економско искористување и заштита на природните вредности на езерата во Македонија во кој ќе бидат содржани решенија околу изградбата, финансирањето, експлоатацијата, одржувањето и системот на управувањето на езерата. Тоа Собранието го утврди на својата 35-та седница од 31 март о.г. Меѓутоа, и после рокот од 6 0 дена Владата не го достави решението односно програмата за економско искористување и заштита на природните вредности на езерата во Македонија пред се околу системот за финансирањето и експлоатацијата на заштитните системи на овие езера и програмата воопшто не се најде на дневен ред.

Сега откако го добивме ребалансот на буџетот Владата вика дека бидејќи ребалансот е на крајот на годината тешко дека сега може да се предвиди посебна позиција односно ставка со која ќе се утврдат обврските на Република Македонија, независно што од Комисијата за буџет и финансирање поднесен е предлогот да во буџетот за 1993 година, Владата да ги има во предвид и барањата за обезбедување средства за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро. Сметам дека тие треба да бидат прифатени како ставка во ребалансот на буџетот и Собранието позитивно да се изјасни по предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

За гласаа 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 20 и 41 за додавање ново конто 418 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на раздел 22 позиција 232 конто 433 и раздел 22 позиција 234 конто 433 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни, дали Владата го прифаќа амандманот.

XV/6

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата, амандмани што значат корекција на позициите на горе во начело не ги прифаќа од причини, да не должам, за кои претседателите на надлежните комисии зборуваат детално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине, видете, ние ве прашаме за овој амандман и вие ќе кажете за овој амандман.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

почитувани пратеници, овој амандман го поднесовме со цел на раздел 22 позиција 232 регреси за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетни сорти на семиња конто 433 износот 4 милијарди 260 милиони денари се заменува со износот 5.260 милиони денари, а во истиот раздел на позицијата 234 премии на одделни земјоделски производи конто 433 и износот 3 милијарди денари се заменува со износот 5 милијарди денари.

Јас сум свесен дека со овој ребаланс на буџетот овие средства веќе се потрошени, меѓутоа ова може да значи еден поттик повеќе за она што значи користење на буџетот на Република Македонија т.е. на оние организации и институции кој апсолутно не треба да се најдат како корисници за наредната година, а тоа се јас и порано истакнав еден таков мој предлог, тоа беше Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ и Републичката конференција на Сојузот ан резервните воени старешини како и некој други организации и институции од каде што можат значителен број квалитетни средства да се пренаменат за овие намени.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувани пратеници, и приходниот дел и расходниот дел го утврдува ова Собрание и ниедна ставка во приходниот дел не е доведена во буџетот ако таа не е утврдена како обврска за алиментирање на приходите по одредени основи. Следствено на тоа во расходниот дел токму овие позиции за кои станува збор исто така се утврдени со закон и тие во текот на оваа година треба да се измират во оние износи како што се предвидени по законот и ве молам, немојте со комбинации дали ќе го симнеме , ако одредени корисници во наредната година во буџетот за 1993 година, сметате дека не треба да бидат корисници , тогаш ќе донесете заклучоци да се бришат како корисници од буџетот, а не сега во ребалансот на буџетот за 1992 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

За гласаа 19 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 22 позиција 232 конто 433 и раздел 22 позиција 234 конто 433 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 24 позиција 45 конто 450 поднесен од пратеникот Благоја Ханџиски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман исто како и матичната Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, кога зборуваа претседателите на комисиите не се јавив за збор да ги образложам заклучоците на Комисијата за образование, наука и култура и тоа од две причини:

Првата причина е таа што не се обраќам на граѓанството кое што не го знае извештајот па да му го прераскажувам туку се обраќам директно до вас, а знаејќи дека извештајот е доставен пред повеќе дена и дека сите сте го прочитале, немаше потреба да го прераскажувам, затоа ќе се обидам во кратки црти да го образложам амандманот.

Комисијата аналитички ја согледа состојбата во овие три витални општествени сфери. Констатирани се голем број на проблеми како и во сите други дејности и стопански и вон стопански. Затоа Комисијата во текот на долгочасовната работа се раководеше исклучиво од една гледна точка, од еден аспект. Дали со ребалансот на буџетот ќе се случи во преостанатите десет дена колку што имаше од седницата на Комисијата до завршувањето на годината или еве сега наредните три четири дена итн. некаде да прекине функцијата на некои од тие три витални општествени дејности. При тоа се кон- статира дека средствата билансирани со ребалансот за дејноста наука и за дејноста култура колку толку во овие сложени состојби овозможуваат

да се зачуваат барем минимум функциите на овие општествени дејности.

Во сферата на образованието се констатира дека како и во сите други дејности недостасуваат средства за месец 12.1992 година, но повеќе се обрна внимание на недостатокот на средствата за материјални трошоци каде што не се подмирени комуналии, не е подмирена електрична енергија, не е подмирена топлинска енергија, исхрана и т. Меѓутоа Комисијата сфаќајќи ги објективните потешкотии и дека се работи за буџет во кој што практички се е извршено донесе заклучок да се обрне вниманието на нас пратениците на следното.

XVI/1 сп/вц

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (продолжение)

Само пред десетина дена на претходната седница ова собрание донесе заклучоци за заштита на студентскиот и ученичкиот стандард. Разгледувајќи ги состојбите во таа сфера Комисијата констатира дека за 1992 година не се уплатени две рати на студентските центри за исхрана и сместување на студентите од под 120 милиони денари што директно е спротивно на она што ова Собрание го донесе како заклучок за заштита на студентскиот стандард пред десетина дена и уште повеќе констатира дека за прв пат по подолго време иако со конкурсот за стипендии и кредити за 1992-1993 учебна година се доделени околу 4 ипол илјади студентски стипендии и ученички кредити дека апсолутно недостасуваат средства на децата да им се исплатат кредитите и стипендиите на учениците од септември наваму, а на студентите од октомври наваму.

Билансираните средства кои се потребни за да се покријат тие средства кои би покажале, ако не постапиме на соодветен начин дека ова собрание е многу способно да носи прекрасни заклучоци какви што донесе, а останува и понатаму дволично заради тоа што тие заклучоци не ги поддржува со минимални средства да почнат етапно да се остваруваат, предложивме во разделот 24, позиција 45, конто 450 од каде се влечат средствата за студентските стипендии и кредити и за студентските домови да се додадат 640 милиони денари толку колку е потребно да се обезбеди храна за овие два месеци и толку колку е потребно на децата кои се информирани дека им се доделени стипендии и кредити тие кредити кои немаат којзнае каков износ си ги добијат. Затоа ве молам да размислиме дали може во овие слови да го поддржиме амандманот кој се сведува само

на оној дел од три општествени дејности за кои е надлежна оваа комисија што би значело навистина неодговорен однос на собранието во смисла на заклучоците што ги донесе за заштита на ученичкиот и студентскиот стандард пред десетина дена.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас потполно го поддржувам излагањето на господинот Ханџиски, само сакам да ве потсетам исто така како пратеници гласавме за некои заклучоци околу заштитата на студентскиот стандард, меѓутоа, изгледа дека сега треба да најдеме сили како пратеници да го прифатиме овој амандман поднесен од пратеникот Ханџиски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Исто сакам да дадам поддржа и да повикам парламентот да го поддржи овој амандман, бидејќи се работи за заштита на студентскиот и ученичкиот стандард, и повеќе од тоа треба да докажеме дека оваа македонска држава се грижи за младината и во услови на пазарно однесување кога секој возрасен во животот соодветно ќе се пробива така барем се претпоставува, на својот квалитет, не смееме како држава да ги ускратиме еднаквите шанси на помладите луѓе и од таа причина со претпоставка дека постојат праведни критериуми кои го имаат предвид и квалитетот и едновремено заедно со социјалната структура на оние кои ги користат овие средства наметнуваат уште поголема обврска за сериозно однесување на Собранието на Република Македонија.

Уште еднаш повикувам дека за ова навистина треба да дадеме поддршка.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ги молам поддржувачите на амандманот и господинот поднесувач на амандманот да кажат од каде да се обезбедат средства за оваа намена

и уште еднаш ги замолувам да престанат да се додворуваат на бирачите на студентите и на сите оние кои гледаат телевизиски пренос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вакви дофрлувања немојте едни на други. Зарем само некои имаат право да се додворуваат. Оставете го тоа на политиката зарем тоа е привилегија само на поединци.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Само кратко, прво нема пренос значи не станува збор за тоа што мојот почитуван колега на кој му ја потпишав дипломата мисли, но ние како пратеници....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам еден на друг немојте да се обраќате.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ние како пратеници имаме и свои обврски. Пред 10 дена донесовме заклучоци кои наидоа на позитивен прием заради тоа што за прв пат во сферата на ученичкиот и студентскиот стандард успеавме со заклучоците да ги додирнеме горливите проблеми. Никој не очекува тие заклучоци што ги донесе ова Собрание во овие тешки услови да се остварат преку ноќ. Меѓутоа, дека треба да се даде сигнал дека се остваруваат можности за етапно остварување, тоа е наша обврска на пратеници и мене никој не може како пратеник кој ги гласал тие заклучоци да не прашува од каде пари. Кога ќе бидам претседател на влада или член на Влада или министер за финансии, тогаш ќе ви одговорам а сега знам што е потребно во дадениот момент и како претседател на Комисијата и како наставник и како родител што е потребно или што е најпотребно во сферата на образованието во по вој момент. Да се обезбеди храна на студентите за два месеци и на учениците и студентите за трите месеци на некои за четири да им се обезбедат кредити и стипендии.

XVI/4

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господинот Ханџиски ова што го кажа е навистина точно, јас кај него сум бранел дипломска работа, но се надевам дека таа дипломска работа и неговиот потпис сум ги заслужил со знаење, а не со други работи.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас од овој состав и горе од галеријата не гледам ни еден професор што ми потпишал, па ќе бидам пословоден во искажувањето за разлика од господинот Пановски.

Прво, слушнавме широка дискусија по ребалансот. Карактерот на ребалансот и условите во кои се носи, начинот транзициски што го направивме оваа година со монетарната политика, едната влада го проектираше буџетот, другата ја наследи, затекна една состојба таква каква што затекна и сега на 25 декември оваа година дојдовме санкционираме едни состојби кои се случуваат заеднички тука.

Имаше амандмани и расправии по комисии и истакнати потреби елаборирани од сите сфери и се убедивме дека не треба да подржиме ни еден амандман. Во тој контекст од принципиелни причини и потребите што се истакнуваат за овој амандман, јас нема да ги поддржам, затоа што ќе го нарушиме принципот на однесување во она што санкционира ребалансот на буџетот. Инаку мене една недоумица ми создава самиот чин дека одредени пратеници овде зад оваа говорница повеќе водат сметка за извршната власт и ја преземаат нејзината ингеренција. Ние навистина донесовме заклучоци за студентскиот стандард и ова собрание заврши со таа состојба. Заклучоците за тоа што студентскиот центар во Скопје не примил алиментација за два месеци во одредени износи од двесте или 250 милиони или илјади денари е прашање на извршната власт која треба тоа да го реализира.

Молам, овде Владата да се искаже дали навистина студентскиот центар и студентите ќе дојдат во таква состојба ако со ребалансот отсуствува оваа амандманска ставка што се предлага или извршната власт смета дека тие потреби ќе ги намири во рамките на она што го дава како предлог за ребаланс на буџетот. Во тој случај нашиот однос како пратеници треба да го поставиме во односот спрема Владата што некои сме и дале доверба, а некои не сме и дале доверба.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сигурно е еден ист пратеник три дена ми повторува дека ако некој даде предлог или поднесе целисходен амандман дека прави политички маркетинг. Скоро сите бевме обвинети дека правиме политички маркетинг. Меѓутоа, јас ќе бидам конкретен еве да го земеме примерот со разделот 9 Министерството за внатрешни работи. Кој е тој што може да го оправда волкавиот износ предвиден со овој ребаланс на буџетот за МВР. Ние треба да се потсетиме овде точно е ова собрание е законодавна власт, меѓутоа, ја има и улогата на надзор што ја врши на работата на Владата и на министерствата во Владата. Ако никој овде не ни објасни зошто толкава сума е потрошена за ова министерство бидејќи сме на крајот на годината меѓутоа е потрошена, како ние како пратеници ќе ја оствариме својата пратеничка функција да вршиме и надзор на одделни сегменти од оваа држава т.е. од извршната власт. Затоа , ќе повторам ако овој Парламент како законодавна и надзорна власт донесе некои заклучоци околу заштитата на студентскиот стандард, а знаеме дека без едно модерно школство, без утре необразовани кандидати ни една држава ќе нема свој просперитет. Затоа треба како родители и како пратеници да се замислиме дали ќе вложуваме во високото образование или нема да вложуваме, дали

е во интерес на оваа македонска држава или не, јас мислам дека е во интерес на оваа македонска држава да вложува во високото образование.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Само една реченица, затоа што гледам дека има одредени недоразбирања. Како да станува збор со амандманот за нови издвоени додатни средства. Вие знаете дека се она што е предвидено со ребалансот всушност станува збор за извршени работи. Значи, имало потреба тие се покритени со такви средства какви сме можеле да покриеме со расположливите извори. Овде станува збор за тоа што секоја година се доделуваат 4500 илјади стипендии и студентски и ученички кредити и тие се исплатуваат, ако се доделени за учебна 1992 - 1993 година во 1992 година има 4 месеци тие средства за 4 месеци се покриваа од буџетот за тековната година. Ист е случајот со средствата за студентското сместување и исхрана. Спрема тоа, станува збор за потреби кои за разлика од сите други потреби со ребалансот на буџетот што се покриени остануваат сега непокриени. Не станува збор за барање на додатни средства кои до сега како раздел, како позиција, како конто не се јавувале во буџетот. Станува збор за ист раздел иста позиција исто конто кое за прв пат остануваат за 1992 година во тој дел непокриени.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво, околу заклучоците за студентскиот стандард да ве потсетам бев единствен пратеник кој гласаше против и тогаш ве предупредив дека ако извршната власт не ни пунктира точно ќе направи на тој план дека таквите заклучоци сами по себе ништо не значат. И се само една бледа проекција што ништо нема да помогне и на тоа се сведовме. Меѓутоа, прашањето како е ставено со амандманот и има своја

смисла ако се земе крајната цел колку толку да се интервенира со некои средства во студентскиот стандард. Не се разбирам од буџетот, меѓутоа би сакал да посочам извориште во овој документ што сега го разгледуваме и тоа во раздел 12 позиција 126 контро 433. Тоа е делот за посебни функции на посебни функции на државата, тука се предвидени 7 илјади ако може да предложиме од тие 640 милиони од тој дел да се извлечат. Ова е, како да кажам црн фонд на државата и мислам дека овде можеме да го најдеме тоа што го бараме.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на амандманот матичната комисија за буџет си им"а излезно решение. Инаку тоа од информативен карактер не го негирам. Со интервенција на средства од буџетот за 1993 година овие обврски ќе се измират. Инаку, да не се правиме подобри економисти од економистите оти овде е чиста математика. Не можам да му го земам палтото некому, па јас да го облечам, а тој гол да остане. Тоа е проблем, не е спорно, меѓутоа, матичната комисија има излезно решение и во однос на општествената исхрана на корисници на буџети, па и паушалот на пратениците наместо во декември се смета со идната година да го подмират. Сметам дека не треба да се прифати амандманот директно оти тој прави математичко натушување и техничко, си има разрешување со средствата од 1993 година ќе си се измират постојните обврски за студенти и ученици. Инаку, да не направиме поголемо нарушување.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Јас пред малку го искажав ставот на Комисијата по однос на сите амандмани, па меѓу другото и за овој амандман. Но, пред гласањето сакам да укажам на една работа. Амандманот предложен од господинот Благој

Ханџиски не е прецизен, па пред да гласаат пратениците сакам да го исправиме тоа. Имено, ако го имате амандманот пред вас тој гласи "во разделот 24 позиција 45 средства за општествени дејности, контрото 450 се менува и гласи 2 милијарди 040 милиони". Ние во разделот 45 имаме 16 позиции на конто 450. Значи, не излегов да кажам дали сум за или против амандманот, туку само сакам да кажам дека амандманот треба да се прецизира пред пратениците да го дадат или не го дадат својот глас. Па, би предложила една модификација, ако се согласува предлагачот на амандманот, бидејќи произлегува дека овој амандман се однесува на позицијата 290 кај ученички и студентски стандард, а на раздел 45.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само кратко, со оглед дека не можам да одлучам конечно спротивставените аргументи ми се и на едната и на другата страна недоволни, сакам да слушнам мислење на надлежниот министер, мислам на надлежниот министер за овој раздел за образование. Предлагам на Парламентот, додека не го слушнеме неговото мислење да не носиме одлука.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Бидејќи овде имаше многу сугестии, една беше од господинот Тодор Петров, пред парламентот да се презентираат и барањата на буџетските корисници, сакам да го кажам следното:

Ако во постапката на проекцијата на позициите на Ребалансот на буџетот имаше разбирање Владата тоа беше токму образованието и само таму работејќи министерството на ребалансот на буџетот, комисиите па и Владата, надлежните комисии на Владата со препорака да изнајдат извесни средства кај другите корисници, поготово кај овие најголемите одбрана, внатрешни работи, се со цел да се додаде нешто на образованието и така е дојдено до овој износ за образовани- ето.

Односот на Владата според овој амандман што ќе го соопшти ме не може да се толкува никако дека Владата нема разбирање или ќе нема разбирање во однос на студентскиот и ученичкиот стандард. Ако неможеше во оваа проекција на ребалансот да влезат платите за сите буџетски корисници од 12-ти месец, туку да одат на товар на приходите од 93 година, тогаш не можеше да се прифатат и овие образложенија. За тоа ве молам ова да се има предвид при градењето на нашиот однос према овој амандман а и спрема овој доста сложен чувствителен, оправдан проблем, ученичкиот и студентскиот стандард. Само ако овој ребаланс доаѓа доцна и ако нешто има позитивно тоа е што сугестиите дадени овде ќе бидат актуелни при изготвувањето на проекцијата на буџетот за 1993 година, затоа што ќе ни бидат свежи. Да бе; во јули ќе ги заборавевме, а сега бидејќи на некој начин се доцни ние веднаш пристапуваме кон изработка на буџетот за 1993 година и бројни сугестии овде, не сите сигурно ќе бидат земени предвид и Владата ќе има соодветен однос спрема ова. Во никој случај нема да дојдат во прашања. Имаше корисни расправи, има

неоправдани позиции во буџетот, има корисници кои не треба да се финансираат и не ќе треба ако сакаме да направиме одличен пресврт во нашите определби за кои сите сме, но во никој случај нема да дојдат во прашање ученичкиот и студентскиот стандард бидејќи токму се тие оние позиции кои не може да бидат препуштени на пазарот а многу други ќе можат да бидат пропуштени, на товар на тие што ќе бидат елиминирани од буџетот ќе остане простор за поуспешно, во границите на можностите на оваа држава токму да се даде предност на овие позиции.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Претседателот на комисијата за финансирање и буџет кога ги образложување заклучоците од комисијата кажа зошто не е земен предвид овој амандман. Значи Комисијата требало амандманот доследно да го прегледа и да види дека не е целосен, а не сега да го прегледа дека не е целосен и да ни објасни дека не е целосно. Овде амандманот е непрецизиран туку пишува дека амандманот ќе се има предвид во изготвувањето на буџетот за 1993 година.

Поднесувачот на амандманот исто така кажа дека ова Собрание е дволично затоа што донесува заклучоци кои што не ги реализира. Вистина, јас се согласувам со него, дволично е затоа што уставните задолженија не си ги донел но, системските закони, во одредениот рок и дволично било илјада пати досега, не само во оваа ситуација.

Ова прашање најверојатно се разгледувало и на Комисијата на која што е тој претседател. Не сум била на Комисијата присутна и не можам да кажам дали таму не е изгласан па сега треба некој да се јави во функција на заштитник на студентскиот центар, поединечно.

Второ, тонот со кој го образложи зошто како претседател на Комисија не образложил пред малку туку сега, исто така не му беше на место.

XVII/3.-

Со тоа што претседателот на Комисијата сега го менува својот став во однос на амандманот не става во функција на благајници сите овде 12 0 пратеници. Добро е кажано дека имаме пренесување на буџетот од 1992 година до 1993 година. Сето она што не е покриено ќе се префрли во 19 93 година. Ние можевме да бидеме упорни и да ставиме, секоја комисија да стави амандман и овде 5 дена да гледаме нешто што е потрошено досега. Ние зборува за оние работи кои ги покриваме, што се потрошени а сега само ги покриваме и потврдува. Сега ако сакаме да изигруваме херои и да поднесуваме амандмани кои не да бидат усвоени, па ќе се бориме три дена за тој амандман кај што знаеме дека нема да биде усвоен или ќе биде усвоен па ќе направи некои проблеми таму во буџетот, тоа е нешто друго. Секој може така да постапи. Јас можам на пример да поднесам амандман да се зголеми стапката од 40 милиони за детални урбанистички планови, но што не држи. Тоа се два или три двособни стана. Со три двособни стана цела Република Македонија да се покрие со детални урбанистички планови, не може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Секој нека си гласа според своето убедување.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ;**

Ја прифаќам сугестијата од колешката Стојанова. Станува збор за печатна грешка. Не е конто 450 туку 290.

Колешката Биљана Лазаровска сега ме убеди дека требало да го прочитам целиот извештај од Комисијата, затоа што не ги чита извештаите од Комисијата и ќе морам една реченица да прочитам за да стане јасно, за хероите, предавниците итн. Вели "Со оглед дека Комисијата не можеше да го согледа обемот на средствата што не достигаат за овие потреби". Заради отсуството на претставениот од Министерството за образование, беше донесен заклучок дополнително да се стапи во контакт со претставникот за министерството за образование и да се дефинираат

минимално потребните додатни средства за одржување на функцијата на образованието и обезбедувањето на средствата за доделените стипендии и кредити. За известител на Комисијата во Собранието го определи пратеникот Благоја Ханџиски. Тоа што го работам го извршувам во согласност со моите обврски спрема деловникот.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Сакам да му кажам на господинот Ханџиски дека тезата за предавници и заштитници тој ја постави, а не јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако расправаме за амандманот, дајте да расправаме, бидејќи многу покорисно е за сите нас да расправаме за амандманот.

Господинот Ханџиски не беше прецизен тој рече конто 290. Останува во контото 450.

Видете во што е тешкотијата со овој амандман. Прецизирањето треба да го имаме написмено. Тој што го прави треба да каже од каде ќе се земе или пак ќе се зголеми вкупно и кај приходната и кај расходната страна. Дајте го тоа написмено.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Најпрвин да кажам дека не можам јас да дадам од каде дали вкупно на буџетот ќе се зголеми дали ќе се намали кај одредена позиција па да се зголеми кај друга. Јас би можела само да го прецизирам амандманот. Амандманот би требало да гласи: "Во раздел 24 контото 450 позиција 290 треба да изнесува 2.040.000.000", а тоа е истото. Ве молам погледајте го буџетот. Само не е нагласена позицијата 290 која е ученички и студентски стандард. Другото останува на предлагачот на амандманот.

XVII/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не станува збор за материјална промена на амандманот. Останува она прашање од каде ќе се земе или за толку ќе имаме неурамнотежен буџет, а се разбира тоа не може. Затоа да видеме кој тоа ќе го предложи. Предлагачот за тоа треба да се изјасни. Мора од некоја друга ставка да се земе, ако е во рамките на истите приходи и расходи, ако не ги пореметува приходите и расходите.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Собранието овој проблем го има согледано, го има упатено со заклучоци до Владата. Владата нашла решение, со средства од 1993 година, да се измират обврските. И многу други основни обврски од Буџетот не се измирени. Сметам дека со заклучокот од матичната комисија треба да се прифати и обврската ќе се исполни една недела пред крајот на годината.

Во другиот дел ако настојува Ханџиски предлагам да се одложи бидејќи сите не сме книговодители. Ако може да се допишува како што тврди Славјанка, ќе допишиме, ова ќе го минусираме но го немаме тој фонд на време ниту сме стручњаци. Благајници не сме, книговодители не сме. Да се одложи расправата па да ни образложат двајцата претседатели на комисиите финансиски да се провериме за да можеме да се изјасниме.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Колегата Никола премногу го вулгализира целиот проблем околу амандманот. Инаку јас сакав пред да гласате да се прецизира амандманот, со ништо друго туку со она што он фактички го содржи. Сепак тоа малку е постручна работа. На пример да се усвои овој амандман после во излегувањето на амандманот нема да се знае на која конкретно позиција а

XVII/6

тоа е само позицијата 290. Ако треба да го напише нека го напише, а јас само сакав тоа да го кажам а не навлегувам во амандманот. Инаку ние како Комисија имаме став меѓу другото за овој амандман и за другите амандмани, бидејќи ако се усвои овој амандман вака како што е предложен тогаш треба да имаме зголемуваше на целокупниот буџет а тоа значи она што значи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).,

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака? (28)

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29 позиција 366 конто 456, поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, дали некој бара збор?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, знаеме дека ребалансот значи усогласување на приходниот и расходниот дел. Меѓутоа, исто така ни е познато дека буџетот го носи Собранието а Владата го предлага и тој се обработува преку комисиите. Исто така треба да знаеме дека во Буџетот постојат раздели, постојат и позиции и често се вплеткуваме сега при носење на амандмани од каде извори на средства. Собранието кога ќе усвои еден амандман Владата е должна да врши ребалансирање, но дури после тоа. Меѓутоа, тоа за технологијата на нашиот однос

На овој амандман 2 во одговорот на Владата стои следното

XVII/7.-

1. Отсуствуваат аргументи односно егзактни податоци за бараното зголемување.

2. Средствата во Буџетот треба да претставувате учество на Републиката поради присутните финансиски проблеми на фондот, што значи Републикава ги решава финансиските проблеми на Фондот.

XIII/1.- РД/лър

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (продолжение)

Мислам дека треба тоа прашање да го издвоиме. Овде не се работи за решавање на финансиски проблеми на Фондот. Фондор тие автентични институции има автентичен извор и не треба Буџетот да врши санација на Фондот. Меѓутоа, буџетот треба да си ги врши своите фурници во функција на постојните закони. Имено, воопшто одговорот не е точен дека во делот на имунизацијата се финансира од Фондот за здравство и тоа заради финансиските потешкотии на Фондот. Тоа воопшто е еден декларативен одговор кој воопшто не се соодветствува со Законот за здравство. Точна е констатацијата дека нема структура на аргументи во моментот кога е понудено барањето. Со тоа се согласуваме и заради тоа се обидовме д аги елаборираме двете работи на Комисијата за финансирање и буџет. Едно е точно дека во член 63 од Законот за здравствена заштита стои децидно: Републиката обезбедува средства за, па потоа членот 32 од Законот за здравствена заштита точка 2 за откривање, спречување и сузбивање на заради болести. Ние од цела ова ја вадиме само мерката спречување. Функциите откривање, сузбивање се функции на секторите за здравство кои ги финансира фондот. Функцијата спечување се операционијализира преку имобилизација или вакцинација. Што тоа значи? Мислам дека се работи за едно клучно прашање заради следното: Се работи за една процедура која што треба да заштити една популација од 35 илјади деца. И не само да ја заштити моментално, туку да ги заштити од секвелите што се последица на едно вакво,непреземање нечинење кои неадекватно преземање. Ќе се јават како големи секвели туберкулозата која веќе е и сега во пораст. Ќе се јави детската парализа која многу скапо ќе ја чини државата.

XIII/2.-

Се работи за создавање на еден безбедносен беден за да немаме експлозија во иднина на оваа популација. На прашањето аргументи се работи за популација од 35 иљјади деца. 35 иљјади деца треба три пати во текот на годината да бидат вакцинирани. Тоа значи, треба да се извршат 100 иљјади прегледи, треба да се извршат 100 иљјади убоди, треба да се потрошат 100 иљјади дози на супстанца и сето тоа претворени во пари изнесува 1.346.милиона. На ова, треба да се додаде заштитата од сида заради следното. 70 иљјади дози во Републиката се употребени по 4 германски марки 2.215 милини денари. Заштита од хепатит 67 иљјади дози во Републиката се употребени по 3 ДМ., 162 милиона. Ако сега кажеме и тоа дека сите работници во дијализа треба да бидат вакцинирани за сида и за заразна жолтица. Ако треба вработените и во инфективните клиники да бидат вакцинирани, персоналот во хируршките и во гиниколошките одделенија, студентите кои вршат посета на инфективните клиники и учениците од средното училиште, веднаш можеме да дојдеме до заклучок дека се работи за обезбедување на материјални средства за една многу чувствителна област и важна функција во здравството.

Се поставува прашање како досега се обавувала функцијата во здравството. Секако од прелевање од фондот за здравство ваму, меѓутоа немаме позитивна листа на лекови и затоа имаме бројни дефекти во снабдувањето на населението со лекарства.

Сега се поставува прашањето, од кој раздел, од која позиција треба да се земат средства. Зборуваме за национална здравствена безбедност. И тој е еден безбедносен систем. Од ругите безбедносни системи можат да се престројат средства на овој безбедносен систем.

XIII/3.-

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани колешки и колеги, пратеници, мене навистина ми е малку непријатно, знам е дека контрадиктативно излегувањето на повеќе лекари на оваа говорница, но морам да кажам неколку збора, ќе се трудам да бидам краток, што се однесува до оваа тема затоа што сакам заради себе, заради својата совест, а и вашата се надевам, да изнесам некои работи, може некој да рече дека е тоа сентимент, како ќе го сфати тоа е негова работа, меѓутоа морам да кажам дека вакцинацијата, односно имунизацијата, како што рече колегата дека се работи за 35 илјади деца, не се работи само за 35 илјади деца, затоа што не се вакцинираат само тие и вакцинацијата односно имунизацијата е само еден сегмент во превентивата во превентивната заштита во детската заштита, затоа јас ќе речам само неколку збора за тоа. Се до оваа година имавме добра вакцинација, имавме релативно добра вакцинација во сите делови на Македонија. Меѓутоа оваа година имавме виша сила, тоа беше прво блокадата, потоа парите, односно девизите што беа помалку. Јас би го изнесол само моето видување со овој амандман и би коментирал Владата како го гледа проблемот дека отсуствуваат аргументи односно егзактни податоци за бараното зголемување, што претставува чиста несериозност за мене. Таа иста Влада сигурно е Влада на Македонија, гуруно е и што имаат и деца, и внуци кои не се вакцинирани или им ја одложена вакцинацијата, или не им е одложена но со таквиот однос може ќе им се случи во наредниот период. Зошто сегашната можност повеќето деца да бидат вакцинирани во Републиката не се должи на некоја добра волја, на расположение на Владата или Собранието, туку на добрата волја и расположението и хуманоста на некои наши сонародници од странство, за што треба да им заблагодариме.

XIII/4.-

Нормално е дека државата уредува некои прашање, особено кога некој нешто го обвзува, дали се работи за образованието, за здравството или некоја друга област, мора да обезбеди и инструмент за спроведување на обврската. Бидејќи се работи за имунизација или вакцинација која е од посебен општествен интерес за Република Македонија, а постоечкиот инструмент затаил од познати или објективни причини, тоа е фондот за здравство, Републиката е обврзана да обезбедило средства преку буџетот на Републиката за таа намена, зашто е и уставно обврзана со Законот. Во спротивно не вакцинирањето на децата во Републиката ќе има далекосежни последици, како што рече коле- гата, што подоцна не можат да бидат надокнадени со никакви пари. Оној што не се грижи за своето потомство, би рекол , не треба да го носи ни она гордо име што го носи. Во случајот не се работи за материјално обезбедување на здравството и здравствените работници, не се работи за плати кои не се исплатени, ниту можат да бидат исплатени, ниту можат да бидат предмет на овој буџет и никој паметен тоа не го бара. Но бидејќи се работи за материја која -:недоволно ја познавам не можам да предложам како детски лекар, не можам да останам индиферентен, не можам да предложам конкретно решение од која позиција да се симне, па да се стави во конкретната позиција, го молам предлагачот на ребалансот сам да понуди одредено решение за конкретниот случај, бидејќи индиферентноста може стопати поскапо да не чини во иднина. Да напомнам само дека и тоа дека се работи за околу 460 милиони денари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уше некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, ги молам сите пратеници да дојдат да гласаме.

# С П И С О К

## на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ - не е тука
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - за
3. ХАМИД АЛИУ - воздржан
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ - не е тука
5. СТОЈАН АНДОВ - воздржан
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
8. ТИМЕ АНДОНОВ - не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ - не е тука
10. ДУШКО АРСОВСКИ - воздржан
11. ДРАГИ АР.СОВ - не е тука
12. БРАНКО АРСОВСКИ - не е тука
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука
14. ЈОРДАН БОШКОВ - за
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - не е тука
16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука
17. ПЕТАР ГОШЕВ - за
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - за
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за
20. САНДЕ ДАВЧЕВ - не е тука
21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - не е тука
22. ТОДОР ДИМОВ - не е тука
23. ДОСТА ДИМОВСКА - не е тука
24. РАТКА ДИМИТРОВА - за
25. ПЕТАР ГОРЃИЕВ - воздржан
26. БОРКО ГОРГЕСКИ - за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - не е тука
28. ЗУДИ ЕМИНИ - не е тука
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - не е тука
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - не е тука
31. НАСЕР ЗИБЕРИ - не е тука
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - не е тука

33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - не е тука
34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - не е тука
35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - не е тука
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - воздржан
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука
38. ИВАН ИВАНОВ - за
39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ - за
40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ - за
41. РИСТО ЈОВАНОВ - за
42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА - за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ - за
44. ТАШКО КИРОВ - за
45. ЗОРАН КИТЕВ - за
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - не е тука
47. ГОРГИ КОТЕВСКИ - не е тука
48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - за
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ - за
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ - за
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - за
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - не е тука
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - за
54. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - не е тука
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за
56. ЕФТИМ МАНЕВ - не е тука
57. СТАШО МИЛКОВСКИ - не е тука
58. ПАНЧО МИНОВ - не е тука
59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ - воздржан
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - за
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - не е тука
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - воздржан
64. АВДИ МУРТЕЗАНИ - воздржан
65. НАИФ МУСТАФА - не е тука
66. СИМЕОН НАУМОВСКИ - не е тука
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - не е тука

70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - не е тука
71. ЈОВАН НИКОЛОВ - не е тука
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - за
74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - не е тука
76. ТОДОР ПЕТРОВ - за
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - не е тука
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
79. КИРО ПОПОВСКИ - воздржан
80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - не е тука
81. ШАБАН ПРЕВАЛА - не е тука
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ - за
83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - воздржан
84. ИВАН РАМБАБОВ - за
85. НЕИМ СЕЛМАНИ - за
86. ФЕРИД САДИКУ - за
87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - не е тука
88. АЦО СПИРОСКИ - не е тука
89. РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - против
91. ЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - против
92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - за
93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
95. РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - не е тука
98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - воздржан
99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука
101. БЛАГОЈ ТОШЕВ - не е тука
102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - против
103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - не е тука
104. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - за
105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за

106. ФАЗЛИУ - против
107. АЛЕКСАДАР ФДОРОВСКИ - не е тука
108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - против
109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
110. СЕФЕДИН ХАРУНИ - не е тука
11. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ - не е тука
112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за
113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - за
114. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против
115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
117. ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

XIII/5.-

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (35 пратеници)

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас прво се сомневам дека има доволен број пратеници во салата, а потоа се сомневам во гласањето.

Барам 10 пратеника да ме поддржат за да се гласа поединечно**.**

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеници. Секретарот нека го земе списокот и нека прозива.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (прилог)

XIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 58 пратеници, 40 за, 12 воздржани и

6 против.

Според тоа, гласањето не важи.

Прекинуваме со работа, очигледно не можеме да работиме сега, а нека овој проблем се пренесе на Министерството за финансии да видат како може да се реши до утре. Гласањето по овој амандман ќе се обави утре, бидејќи се обави во услови кога не можевме да работиме.

Можеме ли да обезбедиме утре да ни дојдат луѓето?

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Пратеничката група на ПДП утре има собрание, не можат да дојдат.

Во вторник ќе држиме продолжување на седницата.

(Седницата заврши во 19,15 часот).